Министерство за финансии

Биро за јавни набавки

# И З В Е Ш Т А Ј

за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки во 2008 година




Скопје, мај 2009 година

# С О Д Р Ж И Н А

1. Вовед ... 3
2. Нормативна дејност ... 4
Закон за јавните набавки ... 4
Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки ... 6
Подзаконски акти ... 8
Тендерски документации и модели на договори ... 9
Изготвени мислења за примена на Законот за јавните набавки ... 10
3. Биро за јавни набавки ... 12
Надлежности, организација и структура ... 12
Стручно оспособување на вработените ... 13
Спроведување на обуки ... 15
Публикации ... 16
4. Правна заштита ... 18
5. Веб-информациски систем за објавување на огласите и известувањата за јавни набавки ... 19
6. Електронски систем за јавни набавки ... 28
Правна рамка и практична реализација на одредбите од законот и заклучоците на Владата на РМ ... 29
Подобрување на функционалностите и безбедноста на ЕСЈН ... 30
Преземени активности во насока на зголемено користење на дигитални сертификати ... 30
Хардверска опрема и инфраструктура ... 31
Техничка спецификација на системот ... 31
Заштита на понуди и безбедност на системот ... 31
Препораки за понатамошен развој на ЕСЈН ... 32
Статистички податоци за користењето на ЕСЈН ... 32
7. Анализа на статистичките податоци за спроведените постапки и склучените договори за јавни набавки ... 37
Вовед ... 37
Општи и споредбени податоци за склучените договори за јавни набавки ... 37
Податоци од огласите за доделување на договори за јавни набавки, за барање за прибирање на понуди и за конкурс за избор на идејно решение ... 39
Конкурентност кај постапките за доделување на договор за јавни набавки ... 44
Склучени договори за јавни набавки ... 44
Податоци од известувањата за склучен договор за јавна набавка ... 46
Податоци од евиденциите на постапки со барање за прибирање на понуди ... 56
Податоци од известувањата за поништување на постапките ... 57
Податоци од обрасците за изменување и дополнување на огласот ... 60
Констатирани слабости од досегашното користење на веб информацискиот систем ... 60
8. Соработка со државни органи ... 64
9. Меѓународна соработка ... 65
СИГМА ... 65
Проектот ЕЛЕКТРАВЕБ ... 65
Проекти на УСАИД ... 65
ГТЗ ... 66
Советодавен комитет за јавни набавки на ЕК ... 66
Поткомитет за внатрешен пазар ... 66
Регионална соработка ... 66
10. Препораки за подобрување на системот за јавните набавки во Република Македонија ... 68

# 1. Вовед

Бирото за јавни набавки (во натамошниот текст: Биро) е институција која на национално ниво се грижи за следење, развој и унапредување на системот на јавните набавки, преку обезбедување на законитост, рационалност, ефикасност транспарентност, еднаков третман, недискриминација и поттикнување на конкуренцијата. Надлежностите на Бирото се утврдени во член 14 став 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/2007 и бр. 130/2008).

Врз основа на член 14 став 1 алинеја 14 од Законот за јавните набавки, Бирото до Владата на Република Македонија го поднесува овој Извештај за активностите во функционирањето на системот на јавните набавки во 2008 година.

Со овој извештај, Бирото ја информира Владата на Република Македонија и пошироката јавност за неговите активности кои се во насока на следење, развој и унапредување на системот на јавните набавки, а меѓудругото и за процесот за усогласување на националното законодавство со законодавството за јавни набавки на ЕУ и имплементација на најдобрите практики во оваа област, изработката на Предлог за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки со Предлог на закон и негово донесување од Собранието на Република Македонија, организирање на обуки за правилна примена на одредбите од Законот за јавните набавки, статистичките податоци за спроведените постапки и склучени договори за јавни набавки на национално ниво во 2008 година, како и за уочените неправилности во нивното спроведување.

По усвојувањето на овој извештај од Владата на Република Македонија, истиот ќе биде достапен на јавноста преку веб-страницата на Бирото за јавни набавки, http://javni-nabavki.finance.gov.mk.

# 2. Нормативна дејност

## *Закон за јавните набавки*

Постојниот Закон за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/2007 и 130/2008) е донесен од Собранието на Република Македонија на 6 ноември 2007 година, а стапи во сила на 1 јануари 2008 година.

По оценка на Европската комисија, текстот на новиот Закон за јавните набавки е со добар квалитет и е со високо ниво на усогласеност со соодветните директиви на ЕУ кои се однесуваат на областа на јавните набавки.

Во новиот Закон за јавните набавки се инкорпорирани Директивите за јавни набавки на Европската унија усвоени од Европскиот парламент и од Советот на 31 март 2004 година, и тоа:

- Директива 2004/17/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 31 март 2004 година, со која се усогласуваат постапките за набавки на субјектите кои работат во секторите за вода, енергетика, транспорт и поштенски услуги;
- Директива 2004/18/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 31 март 2004 година, за усогласување на постапките за доделување на договори за јавни работи, договори за јавни добра и договори за јавни услуги;
- Директива 2001/78/ЕЗ на Комисијата од 13 септември 2001 година, за употреба на стандардните обрасци при објавувањето на известувања за јавните набавки.

Исто така, во законот се инкорпорирани и постојните Директиви за правна заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки, односно:

Директива 1986/665/ЕЕЗ на Советот на ЕУ од 21 декември 1989 година, за координирање на закони, прописи и административни одредби во врска со примената на постапките за ревизија на доделувањата на договори за јавни набавки и јавни работи.

Директива 1992/13/ЕЕЗ на Советот на ЕУ од 25 февруари 1992 година, за координирање на закони, прописи и административни одредби во врска со примената на прописите на Заедницата за постапките за набавки на субјектите од секторите: водостопанство, енергетика, сообраќај и телекомуникации.

Покрај тоа, законот ги содржи основните одредби предвидени со новата Директива 2007/66/ЕЗ на Советот и Европскиот парламент од 11 декември 2007 година, со која се изменуваат и дополнуваат Директивите 1986/665/ЕЕЗ и 1992/13/ЕЕЗ во врска со подобрување на системот на правна заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки.

Законот се одликува со поголема флексибилност во спроведувањето на постапките за доделување на договори за јавни набавки која произлегува од неговите одредби, како и поголема и подетална разработеност на одредбите со кои се регулираат општите и посебните услови за спроведување на постапките, секторските договори, правната заштита и др.

Едногодишната примена на Законот за јавните набавки, кој е прв закон со ова ниво на усогласеност со соодветното европско законодавство во областа јавни набавки,

упатува на повеќе позитивни аспекти во функционирањето на системот на јавни набавки, и тоа:

- зголемена е транспарентноста преку задолжителното електронско објавување на огласите за доделување на договори за јавни набавки и известувањата за склучени договори на веб-информацискиот систем на Бирото за јавни набавки;
- новиот веб – информациски систем за јавни набавки кој започна со примена од 01.01.2008 година, што воедно произлезе како потреба согласно со законската обврска за задолжително електронско објавување на огласите и известувањата, е целосно функционален и оперативен. Може да се заклучи дека истиот во целост ги исполни очекувањата на договорните органи и економските оператори во поглед на ажурноста и ефикасноста на информирање на јавноста за потребите за јавни набавки на договорните органи и доделените договори на економските оператори;
- погодност за договорните органи во поглед на навременото задоволување на своите потреби за стоки, услуги и работи преку скратените временски рокови за поднесување на понуди, односно пријави за учество;
- зголемена е ефикасноста на набавките преку примена на симплифицираните постапки за доделување на договор за јавна набавка (барање за прибирање на понуди со и без објавување на оглас). Преку овие постапки се пропишани пократки рокови за поднесување на понудите и доставување на поедноставена документација за договорите кои се со пониска проценета вредност од редовните вредносни прагови пропишани со законот;
- поголемо ниво на професионализација во јавните набавки со обврската која ја воведе законот за утврдување на лица или организациски облици кај договорните органи кои професионално ќе се занимаваат со активностите и работите поврзани со јавните набавки.

За истакнување е и тоа што Законот за јавните набавки во целост ја презема новата терминологија предвидена со соодветните директиви за јавни набавки на ЕУ која се однесува на оваа област. Иако ова во почетокот можеби претставуваше тешкотија за субјектите кои го применуваат законот, во текот на неговата имплементација употребата на новата терминологија од законот во целост е прифатена од договорните органи и економските оператори.

Други позначајни новини инкорпорирани во законот се: пропишаниот полиберален режим за доделување на договори за јавна набавка на т.н. „неприоритетни услуги“, односно услуги пропишани со член 17 став 1 алинеја 2 од законот, воведувањето на можноста за определување на централно тело за набавки, новиот начин на проценување на вредноста на договорите за јавни набавки без вклучен ДДВ, новите правила за изработка на тендерската документација и техничките спецификации, воведувањето на нови постапки за доделување на договори за јавни набавки како што се конкурентниот дијалог, постапката со преговарање со претходно објавување на оглас, поедноставената постапка со барање за прибирање на понуди со и без објавување на оглас за договорите со релативно помала вредност, подеталното разработување на условите за склучување на рамковни спогодби и спроведување на електронски аукции, утврдувањето на дејностите за кои се доделуваат секторски договори и постапките преку кои се

доделуваат секторските договори, како и прецизно утврдената правна заштита и условите врз основа на кои се поднесува жалба.

Една од најзначајните новини предвидени со новата законска рамка е и новиот систем за правна заштита во постапките за доделување на договори за јавна набавка во кој е предвидена и централно место зазема новоформираната Државна комисија за жалби по јавни набавки. Впрочем, со формирањето на Државната комисија започна со примена и новиот систем за правна заштита во постапките за доделување на договори за јавна набавка.

Државната комисија за жалби по јавни набавки се конституира со именувањето на претседателот и члeновите со Одлука на Собранието на Република Македонија бр. 07-4834/1 од 4 ноември 2008 година, а започна со работа со одржување на својата прва седница на ден 26 ноември 2008 година. На истата седница беше избран и заменик-претседателот на Државната комисија и беше донесен Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комисија. На 3 декември 2008 година претседателот на Државната комисија го донесе и Правилникот за систематизација на работни места на Државната комисија, кој се заснова на претходно утврдената организација на Државната комисија во Правилникот за внатрешна организација на Државната комисија за жалби по јавни набавки. Со тоа започна да се имплементира во пракса и делот од законот кој ја регулира правната заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки.

Напредокот во системот на јавните набавки, вклучително и за делот кој се однесува на градење и имплементација на новата законска рамка е евидентиран и од страна на Европската комисија во Извештајот за напредокот на Република Македонија во 2008 година. Во извештајот Комисијата констатира дека е постигнат добар напредок во однос на општите принципи преку новиот Закон за јавните набавки. Комисијата потенцира дека законот, во основа, го транспонира acquis. Главните поенти на Комисијата содржани во извештајот во поглед на системот на јавните набавки се дека се направени значителни подобрувања, како што се можностите за е-набавки, прагот за малите договори е зголемен, а воведена е можноста за примена на рамковни спогодби, донесени се соодветните прописи за спроведување, а зголемена е и усогласеноста на постапките за доделување договори со новите правила за јавни набавки. Во однос на Бирото за јавни набавки е наведено дека иако нема доволно персонал и соодветни простории, ја разви својата способност и проактивен пристап во управувањето со политиката за јавни набавки. Воведувањето на новиот систем на правни лекови со законот е означен како голем напредок. Меѓутоа, се наведува дека ќе бидат потребни понатамошни промени за да се постигне усогласеност со изменетите Директиви на ЕУ за правни лекови. Комисијата дава охрабрување тековните напори за обучување на договорните органи и економските оператори за новите правила за јавна набавка да продолжат и во иднина.

## *Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки*

Следејќи ја имплементацијата на новиот Закон за јавните набавки, а воедно и потребата од имплементирање на заложбите на Владата на Република Македонија за поттикнување на примената на информатичката технологија, Бирото во 2008 година пристапи кон подготовка на Закон за изменување и дополнувања на Законот за јавни набавки. Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки од страна на Собранието на Република Македонија е донесен на 13 октомври 2008 година. Главна причина за предлагање на овие измени и дополнувања на законот беше подобрување на текстот на истиот и натамошно олеснување на неговата имплементација, како и

зајакнување на капацитетите на договорните органи и економските оператори преку програма за едукација која ќе ја развие Бирото за јавни набавки.

Позначајните новини кои се воведуваат со измените и дополнувањата на законот се следниве:

- обврска за договорните органи задолжителен процент од вредноста на договорите за јавни набавки во текот на годината да реализираат преку електронски аукции со цел да се остварат заштеди и да се зголеми ефикасноста и економичноста во постапките за јавни набавки. Спроведувањето на електронските аукции како последна фаза на постапките за доделување на договори за јавна набавка треба да се реализира со определена динамика во период од три години, почнувајќи од 2010 година. За успешна реализација на ваквите заложби на Владата, што се операционализирани преку измените и дополнувањата на законот, потребен е функционален електронски систем за јавни набавки. Бирото во 2008 година презеде конкретни активности за изградба на еден таков систем;
- обврска за користење на ОПЈН само кај постапките за доделување на договори за јавни набавки со проценета вредност која е соодветна на вредносните прагови предвидени со Директивите. Целта е кај симплифицираните постапки, односно кај постапките од помала вредност кои не се регулирани со директивите, а се пропишани со домашното законодавство, да се олесни примената на законот со тоа што ОПЈН нема да се применува;
- менување на статусот на Бирото за јавни набавки. Имено, согласно со измените и дополнувањата на законот, Бирото од 1 септември 2009 година ќе добие статус на правно лице во состав на Министерството за финансии. Со тоа се очекува зголемено ниво на ефикасност во поглед на извршувањето на неговите надлежности, како и поголема автономија и самостојност во работењето;
- воведување на сеопфатна програма за едукација на лицата задолжени за спроведување на јавните набавки, а со цел да се зајакне административниот капацитет на договорните органи и економските оператори. Составен дел на програмата ќе биде и сертификацијата на кадрите задолжени да ги спроведуваат постапките за доделување на договори за јавна набавка. Програмата се состои од разработени правила и мерки за вршење на самостојни обуки, работилници и други форми на интерактивна обука за јавните набавки и новиот Закон за јавните набавки.

Имено, во досегашното спроведување на обуките за јавни набавки, Бирото беше нужно упатено на добивање помош и поддршка од субјекти како СИГМА И УСАИД за организирање на обуките. Со изготвувањето на една ваква програма, Бирото ќе биде способно самостојно да ги организира потребните обуки од областа на јавните набавки. Ова ќе биде овозможено преку самостојно изготвените модули со кои ќе се одвива текот на обуките. Ваквата програма не значи дека Бирото во иднина нема да соработува со други заинтересирани институции при организирањето обуки за јавните набавки. Преку програмата за обуки на Бирото се очекува зголемување на квалитетот на материјалите и обемот и содржината на обуките.

## *Подзаконски акти*

Со новиот Закон за јавните набавки се предвидени вкупно 14 подзаконски акти, од кои 13 требаше да се донесат во рок од три месеци од денот на започнување со примена (до крајот на март 2008 година), а еден во рок од дванаесет месеци (до крајот на 2008 година).

Со цел да се олесни имплементацијата на Законот за јавни набавки, до крајот на 2007 година, односно пред стапувањето во сила на новиот закон, од страна на Бирото беа изготвени 10 подзаконски акти.

Во текот на 2008 година Бирото ги изготви и преостанатите 4 подзаконски акти кои произлегуваат од законот. Истите беа изработени и донесени во предвидениот рок наведен погоре. Со нив подетално се разработуваат одделни аспекти од законот поврзани со содржината на тендерската документација, изразување на критериумите за доделување на договор за јавна набавка во бодови, регистрирање на текот на постапката и обезбедувањето еднообразност на предметот на договорот при објавувањето на огласите за доделување на договори за јавна набавка. Следниве подзаконски акти беа изготвени и донесени во текот на 2008 година:

- Правилник за содржината на тендерската документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/2008), со кој прецизно се пропишуваат деловите кои тендерската документација за постапките за доделување на договори за јавна набавка треба да ги содржи. Со тоа се обезбедува економскиот оператор заинтересиран за учество во постапката да ги добие сите потребни информации за текот на постапката, што би резултирало и со добивање на поквалитетни понуди. Правилникот овозможува тендерската документација да претставува една заокружена целина преку која се отсликува текот на самата постапка согласно со законот;
- Правилник за формата и содржината на образецот на извештајот од спроведената постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2008), со кој се пропишува образец за извештајот од спроведената постапка кој го изготвува договорниот орган по секоја спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка, со исклучок на постапката со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас. Извештајот, покрај останатите елементи кои го отсликуваат текот на постапката, го содржи и предлогот за избор на најповолен понудувач кој се доставува на одговорното лице на договорниот орган. Преку извештајот се обезбедува еднообразност на документацијата која го прикажува текот на постапката;
- Методологија за изразување на критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во бодови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/2008), со која се предвидува начинот на изразување на избраниот критериум за доделување на договор за јавна набавка во бодови. Во методологијата е дадена формулата за изразување на елементот цена во бодови. Со методологијата на договорните органи им се остава слобода да применуваат и други формули за пресметка на цената, се додека се во согласност со елементите на формулата предвидена со методологијата. За останатите елементи од критериумот економски најповолна понуда договорниот орган е слободен во тендерската документација да го изрази начинот по кој ќе ги распредели предвидените бодови, и

- Уредба за Општиот поимник за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 168/2008), со кој се пропишува референтната номенклатура(шифрарник) која ќе се применува во постапките за доделување на договори за јавна набавка. ОПЈН се состои од основен и дополнителен поимник. Основниот поимник се состои од прецизно утврдени нумерички шифри и текст кој ја објаснува шифрата. Дополнителниот поимник служи за подетално објаснување на предметот на договор од основниот поимник. Со референтната номенклатура се обезбедува еднообразност со останатите постојни номенклатури во земјата.

Со тоа Бирото во 2008 година целосно го заокружи процесот на изработка на подзаконски акти со кои се регулираат и подетално се пропишуваат одделни аспекти на постапките за доделување на договори за јавна набавка, а кои произлегуваа како обврска од Законот за јавните набавки и се во функција на олеснување на неговата имплементација.

## *Тендерски документации и модели на договори*

За да ја олесни примената на законот во пракса, Бирото во 2008 година пристапи кон изготвување на модели на стандардна тендерска документација. Модели на стандардна тендерска документација беа изготвени за постапките со барање за прибирање на понуди со и без објавување на оглас, за отворената и ограничена постапка за стоки и за отворена постапка за работи. Моделите на стандардна тендерска документација се изработени во согласност со Правилникот за содржината на тендерската документација. Со ова на договорните органи им се овозможува за најчесто набавуваните видови стоки и работи да применуваат еднообразни тендерски документации. Олеснување од ова имаат и економските оператори при подготвувањето на своите понуди, бидејќи истите ги подготвуваат согласно со еднообразни инструкции и обрасци. Моделите на стандардна тендерска документација беа изготвени во консултација со претставници од СИГМА.

Во соработка со УСАИД изготвен е и модел на стандардна тендерска документација за отворена постапка за стоки која се спроведува преку ЕСЈН.

Во 2008 година, тргнувајќи од потребите на договорните органи и економските оператори за дефинирање на јасни права и обврски во договорите за јавна набавка, Бирото пристапи кон изработка на модели на договори за јавна набавка на стоки и работи. Со изработка на модели на договори за јавна набавка на стоки и работи кои би ги користеле договорните органи во постапките за доделување на договори за јавна набавка, би се постигнала унифицираност на формата и содржината на договорите. За договорните органи користа од ова би се состоела во тоа што со ваквите претходно подготвени модели на договори се избегнува можноста важни аспекти на договорот за јавна набавка да бидат пропуштени од договорниот орган при подготовка на договорот. Поволноста за економските оператори учесници во постапките би се однесувала во тоа што би се постигнала еднообразност на правата и обврските од договорите за јавна набавка и тогаш кога постапките за ист или сличен предмет на договор ги спроведуваат различни договорни органи.

Во соработка со Министерството за информатичко општество беше изработен и Модел на договор за јавна набавка на ИКТ услуги. Истиот е наменет како модел на договор кој договорните органи би го применувале во постапките за доделување на договори за информатички и комуникациски услуги.

## *Изготвени мислења за примена на Законот за јавните набавки*

Во текот на 2008 година од страна на субјектите на кои се однесува примената на Законот за јавните набавки како и од страна на економските оператори, до Бирото за јавни набавки се пристигнати вкупно 753 барања на мислења за примена на Законот за јавните набавки и подзаконската регулатива. Договорните органи и економските оператори правото да побараат мислење и совет од Бирото, покрај преку официјални дописи, го користат и преку контакт формата на Бирото достапна без надомест на веб страницата на Бирото. На истите, во целост, е одговорено во законскиот рок.

Од извршената анализа за тоа на кои делови од законот најчесто се однесувале доставените барања на мислење до Бирото, може да се заклучи дека тоа се деловите од законот кои се воведени како новина во домашното законодавство. Ова е и за очекување, имајќи предвид дека договорните органи и економските оператори за првпат се среќаваат со такви законски решенија во областа на јавните набавки во Република Македонија. Така, прашањата доставени до Бирото за појаснување и давање мислење по одредени законски одредби во 2008 година најчесто се однесувале на:

- Начинот на доделување на договорот за јавна набавка за услуги пропишани со член 17 став 1 алинеја 2 од законот. За оваа група услуги, условно наречени „неприоритетни услуги“, поради нивниот специфичен карактер е предвиден полиберален режим за набавка отколку за другите видови услуги. Полибералниот режим за набавка, истовремено не значи дека нивното стекнување е исклучок од примената на законот. За овие услуги, зависно од проценетата вредност, е пропишано дека задолжително се применуваат одредбите од законот кои се однесуваат на изготвувањето на техничките спецификации и доставувањето на известување за склучен договор, односно водење на полугодишна евиденција на договорите со кои се набавени, при тоа во целост запазувајќи ги принципите на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка;
- Правото на учество во постапките за доделување на договори за јавна набавка, особено во поглед на правото за ангажирање и учество на подизведувачи;
- Начинот на доставување, враќање и исполнетост на условите за наплата на гаранцијата на понудата и гаранцијата за квалитетно извршување на договорот;
- Условите согласно кои договорниот орган може да ги примени постапките со преговарање со и без претходно објавување на оглас. Со новиот закон за првпат се пропишува постапката со преговарање со претходно објавување на оглас како вид на постапка која може да ја примени договорниот орган. Во однос на постапката со преговарање без претходно објавување на оглас, со новиот закон се пропишани детални услови согласно кои таа може да се примени. Во овој контекст значајно е да се наведе и отстранување на обврската за договорниот орган за добивање на претходна согласност од Бирото за примена на постапката со преговарање без претходно објавување на оглас;

- Примената на постапките со преговарање со и без претходно објавување на оглас, со акцент на условите согласно кои истите можат да се применат;
- Постапката со барање за прибирање на понуди со и без објавување на оглас, во поглед на вредносните прагови, поедноставената тендерска документација, потребната документација за докажување на способноста, начинот на водење на полугодишната евиденција за извршените набавки преку овие постапки и сл.;
- Спроведувањето на рамковните спогодби. Рамковните спогодби, како посебен начин на доделување на договорите за јавна набавка, за првпат се воведени со постојниот закон во домашното законодавство. Оттука, со оглед на неколкуте модалитети во кои истите можат да се сретнат, договорните органи имаат потреба за повеќе знаења и искуство за условите кои со рамковните спогодби се предвидуваат и врз чија основа потоа се доделуваат договорите за јавна набавка;
- Изготвувањето и поднесувањето на понудите. Ова се должи на новововедениот принцип со законот понудите да се доставуваат и евалуираат со цена во која не е вклучен износот за ДДВ;
- Прашања поврзани со критериумите за утврдување на способност во однос на видовите документи кои се доставуваат и критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во однос на елементите на критериумот економски најповолна понуда кои договорниот орган може да ги примени, и
- Исполнетоста на условите за поништување на постапката.

Во текот на 2008 година преку контакт-формата на веб-сајтот на Бирото, се добиени околу 283 прашања од страна на институции, јавни претпријатија, друштва и поединци кои се однесуваа на начинот на примената на одделни одредби на Законот за јавните набавки, примената на определени институти или пак барање на определени начини на постапување по дадени ситуации. Просечното време на одговор на овие прашања е помалку од еден работен ден. Темите на кои истите се однесуваат се слични со темите на прашањата поставени преку официјални дописи до Бирото.

Истовремено, Бирото секојдневно е отворено за комуникација со јавноста преку телефонска линија каде на договорните органи и економските оператори им обезбедува стручна помош преку одговори на поставени прашања поврзани со законската регулатива за јавните набавки и нејзината практична примена.

# 3. Биро за јавни набавки

## *Надлежности, организација и структура*

Бирото за јавни набавки е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии кој ги врши работите во врска со развојот на системот на јавните набавки, како и обезбедувањето на рационалност, ефикасност и транспарентност во спроведувањето на јавните набавки.

Организациската поставеност на Бирото во 2008 година е со два сектора, секој од нив со по две одделенија.

Во текот на 2008 година согласно со Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии од месец март истата година, извршена е измена во називот на Секторот за регистри, статистика и анализа и неговите две одделенија воспоставени во 2007 година. Потребата за ова се наметна поради усогласување со видот на работните задачи на овој сектор што ги извршуваше во 2008 година условени од новите законски надлежности. Така, во 2008 година покрај Секторот за нормативна дејност и унапредување на системот на јавните набавки, во организационата структура на Бирото за јавни набавки е предвиден и Секторот за следење на системот на јавните набавки и управување со ЕСЈН со неговите две одделенија и тоа, Одделението за анализа и односи со јавноста и Одделението за управување со електронскиот систем за јавни набавки и поддршка на ИКТ. Подолу е даден графички приказ на организационата поставеност на Бирото.




Заклучно со 2008 година, вкупниот број на вработени во Бирото изнесуваше 12, од кои:

- 4 дипломирани правници,
- 3 дипломирани економисти,
- 1 дипломиран градежен инженер,
- 1 ИТ инженер,
- 1 дипломиран филолог,
- 2 административни работници.

Согласно со Законот за јавните набавки, работите кои ги извршуваше Бирото во 2008 година се пропишани во член 14 од истиот, но одредени надлежности произлегуваа и од други одредби од законот. Согласно со овие надлежности, Бирото во 2008 година иницираше предлози за донесување на законски и други акти од областа на јавните набавки; го следеше и анализираше спроведувањето на законот и другите прописи за јавни набавки, функционирањето на системот на јавните набавки, како и иницираше промени за негово подобрување; даваше мислења во врска со одредбите и примената на законот и на подзаконските акти; обезбедуваше совети и даваше помош на договорните органи и економските оператори; подготви модели на стандардна тендерска документација и модели на стандардни формулари за постапките регулирани со законот; водеше единствена евиденција на договорите за јавни набавки и истата ја одржуваше и ажурираше и ја направи достапна до јавноста преку својата веб-страница; прибираше, обработуваше и анализираше податоци за јавни набавки и подготви статистички извештаи, за констатираните неправилности од добиените известувања веднаш ги информираше договорните органи, а по потреба и надлежните органи, управуваше и оперираше со својата веб-страница и Електронскиот систем за јавни набавки (во натамошниот текст: ЕСЈН), соработуваше со меѓународните институции и други странски субјекти за работите поврзани со развојот на системот на јавните набавки, поднесе годишен извештај до Владата за неговите активности во функционирањето на системот на јавните набавки, даваше упатства и изготви прирачници и коментари на правилата за јавни набавки и издаде електронски билтен. Исто така, за своите надлежности и активности Бирото ја информираше Владата на Република Македонија и министерот за финансии; утврди минимални услови за професионалните квалификации за лицата кои вршат стручни работи за јавните набавки, организираше и вршеше обука за едукација на службеници и на други стручни лица во врска со јавните набавки; врз основа на претходно донесена програма вршеше обука за едукација на лицата кои ќе ги спроведуваат постапките за јавни набавки кај субјектите на кои се однесува Законот, и др., со цел од една страна да се постигне единствена примена на легислативата за јавните набавки, а од друга страна да се овозможи транспарентност и поттикнување на конкуренцијата меѓу економските оператори, како и нивна едукација.

Бирото, исто така, во текот на 2008 година, како и во периодот што следува, соработуваше и ќе продолжи со соработката со договорните органи, како и со трговските друштва, професионални институции за истражување, здруженија или со експерти за одделни области, во врска со јавните набавки.

Во иднина зајакнувањето на административниот и институционалниот капацитет на Бирото, исто така, е значаен чекор кој ќе се презема за приспособување на административниот систем потребен за функционирање на законодавството за јавни набавки. Особено значајно е Бирото да добие поддршка од организациски и буџетски аспект, односно да биде екипирано со доволен број стручен и помошен административен кадар, како и обезбедување на соодветни работни простории и технички средства за работа.

## *Стручно оспособување на вработените*

Од почетокот на транспонирањето на Директивите за јавни набавки на ЕУ во Република Македонија, се наметна потребата за перманентна едукација на вработените во Бирото, особено за новите директиви кои ја регулираат областа на јавните набавки, Директивата 2004/17/ЕЗ и Директивата 2004/18/ЕЗ, и директивите за правни лекови на Советот 89/665/ЕЗ, 92/13/ЕЗ и 2007/66/ЕЗ. Едукацијата на вработените во Бирото е од особена важност од причина што по добивањето на кандидатскиот статус на Република

Македонија за полноправно членство во Европската унија и изготвувањето и успешната имплементација на новиот Закон за јавните набавки, се очекува добивање на датум за започнување на преговори со ЕУ за членство. Едно од поглавјата за кои ќе се водат преговори и за чие успешно водење ќе биде неопходно развивање на високо ниво на административен капацитет на органот задолжен за следење и развој на домашниот систем на јавни набавки, односно Бирото за јавни набавки, е и поглавјето за јавни набавки.

Имајќи ја предвид потребата од ефикасно извршување на законските надлежности, која е невозможно да се оствари без перманентно стручно усовршување на вработените, Бирото и во текот на 2008 година презеде мерки за натамошно обучување и усовршување на својот тим.

Имено, во текот на 2008 година, вработените во Бирото ги посетија следниве обуки:

- Обуката за обучувачи од областа на јавните набавки и Обуката за изработка на ефикасни тендерски документации, организирани од страна на УСАИД и Crown Agents. Со помош на овие обуки вработените се стекнаа со знаења за начинот на интерактивно одржување на обуки;
- Обуката за презентерски вештини, организирана од страна на Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија, на која учесниците се стекнаа со практични знаења за начинот на кој треба да се подготви и презентира одредена тема;
- Работилницата за подготовка на Проектни задачи за договори финансирани од Европската комисија, организирана од страна на Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија;
- Семинарот во Мастрихт за Запознавање со новите аспекти на правната рамка за јавните набавки на ЕУ, организиран и спроведен од страна на ЕИПА;
- Обуката за подобрување на менаџерските способности на лицата кои работат на јавните набавки, организирана од страна на СИГМА;
- Посетата и размената на искуства на Управата за системот на јавните набавки во Република Хрватска;
- Работилницата во Виена за развојот на решенијата поврзани со електронските јавни набавки согласно со Директивите на ЕУ;
- Обуката за службени лица за поседување на информации од јавен карактер, организирана од страна на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Обуката за вработените на Бирото за начинот на користење на Електронскиот систем за јавни набавки во организација на Проектот за електронска влада на УСАИД.

Преку редовното присуство на обуки и настани поврзани со стручни усовршувања во областа на јавните набавки, Бирото во континуитет одржува завидно ниво на административен капацитет со цел навремено и квалитетно реализирање на работните задолженија.

## *Спроведување на обуки*

Во текот на 2008 година, еден од главните приоритети на Бирото беше да се зајакнат административните и институционални капацитети на договорните органи и економските оператори за правилна примена на новата правна рамка. Имено, имајќи предвид дека во 2008 година започна да се применува новиот Закон за јавните набавки, Бирото ги насочи своите ресурси кон организирање и одржување на што поголем број обуки за субјектитете кои се должни да го применуваат законот, како и за економските оператори кои учествуваат во постапките за доделување на договори за јавни набавки.

Бирото за јавни набавки во текот на 2008 година ги одржа следниве обуки:

- Три дводневни обуки на тема ефективно планирање и спроведување на постапки за доделување на договори за јавни набавки, на кои присуствуваа 100 лица;
- Две еднодневни обуки „За електронски јавни набавки и е-аукции за договорните органи", на кои присуствуваа 100 лица;
- Дводневна обука за договорните органи од областа на одбраната за постапките и начинот на спроведување на јавните набавки, на која присуствуваа 80 лица;
- Шест еднодневни обуки за постапките и начинот на спроведување на јавните набавки (3 во Скопје, 1 во Битола, 1 во Штип и 1 во Струмица) на кои обуки присуствуваа 200 лица;
- Една еднодневна обука „За електронски јавни набавки и е-аукции за економските оператори," на која присуствуваа 100 лица;
- Една еднодневна обука за постапките и начинот на спроведување на јавните набавки организирана за 40 просветни инспектори;
- Три таргетирани обуки за МЕПСО, Министерството за внатрешни работи и ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на РМ за начинот на користење на Електронскиот систем за јавни набавки, во соработка со Проектот за електронска влада на УСАИД;
- Една еднодневна обука за постапките и начинот на спроведување на јавните набавки организирана за јавните комунални претпријатија;
- Шест еднодневни обуки за ревизорите од Државниот завод за ревизија, за Законот за јавни набавки;
- Две еднодневни обуки за договорните органи за начинот на користење на Електронскиот систем за јавни набавки, во соработка со Проектот за електронска влада на УСАИД.

Темите кои беа обработувани на презентациите и обуките од претставниците на Бирото, се однесуваа на одредбите од Законот за јавните набавки, како и секундарната легислатива и тоа:

- Планирање на јавните набавки,
- Објавување на огласите и известувањата,
- Тендерска документација и технички спецификации,
- Исклучоци од примената на законот,

- Видови на договори и видови на постапки за доделување на договори за јавни набавки,
- Критериуми за утврдување на способноста, како и
- Примената на Електронскиот систем за јавни набавки и електронските аукции.

Беа организирани и два семинара во соработка со СИГМА, едниот за договорните органи од областа на одбраната за постапките и начинот на спроведување на јавните набавки во ЕУ, искуствата на Шведска, Франција и Германија во спроведувањето на набавките од областа на одбраната, и за ревизорите од Државниот завод за ревизија, внатрешните ревизори и вработените во Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола, за ревизијата на јавните набавки во ЕУ и искуствата на Данска, Словенија и Кипар.

Со стапувањето во сила на новиот Закон за јавните набавки од 01.01.2008 година, започна и обврската за договорните органи огласите за доделување на договори за јавна набавка и огласите за барање за прибирање на понуди, како и известувањата од постапките да ги објавуваат преку Информацискиот систем за јавни набавки на Бирото. Во насока на обезбедување алатка преку која администраторите на овој систем, како и други страни ќе можат да се обучуваат за правилно пополнување на огласите и известувањата, во 2008 година во соработка со УСАИД беа изработени содржински компакт дискови (CD) со подготвена десктоп апликација (софтвер) за пополнување на огласите и известувањата.

## *Публикации*

Имајќи ги предвид позитивните реакции на договорните органи и економските оператори од седумте брошури кои беа изготвени во соработка со УСАИД минатата година, а беа во насока на запознавање на јавноста со новините во домашното законодавство за јавни набавки, Бирото во 2008 година, пристапи кон изготвување на 3 нови брошури. Истите се однесуваат на:

- Основните принципи во јавните набавки, каде што се наведени политиките за јавните набавки со потенцирање на доброто управување, спречување на злоупотреба на службената должност, законитоста и надгледувањето, транспарентноста и отчетноста и контролата;
- Електронски јавни набавки во ЕУ, каде што е опишано користењето на електронските средства во процесот на јавни набавки и
- Исклучоци од примена на Законот за јавните набавки, каде што подетално се образложени исклучоците од Законот кои се однесуваат на договорните органи од класичниот сектор и за секторските договорни органи.

Исто така, од страна на Бирото, а во соработка со Проектот за е-Влада на УСАИД беа изготвени и два прирачника кои се однесуваа на користењето на Електронскиот систем за јавни набавки, и тоа Прирачник за начинот на користење на Електронскиот систем за јавни набавки за економски оператори и Прирачник за начинот на користење на Електронскиот систем за јавни набавки за договорни органи. Со нив се овозможува подетално запознавање на договорните органи и економски оператори со текот на доделување на договорите за јавни набавки со примена на електронски средства и

употребата на апликативниот софтвер во постапките спроведувани преку Електронскиот систем за јавни набавки.

Во соработка со СИГМА беше изготвен и објавен и Прирачникот за евалуација на понудите - регулатива и искуства во ЕУ и Република Македонија. Прирачникот е наменет за договорните органи, како и за други заинтересирани субјекти за успешно спроведување на фазата на евалуација на понудите во постапките за доделување на договори за јавна набавка. Во истиот се содржани и препораки настанати од праксата во земјите на ЕУ и примена на добрите практики при евалуацијата на понудите.

Во соработка со УСАИД во рамките на Програмата на УСАИД за човеков и институционален развој раководена од Светско учење (World Learning) е изработен сеопфатен и детален извештај врз основа на анализата на работењето на Бирото. Извештајот содржи наоди и препораки за подобрување на делувањето на Бирото преку подобрување на квалитетот и ефикасноста во давањето на услуги за договорните органи и економски оператори, како и подобрување на внатрешната организациска поставеност на Бирото. Преку извештајот се идентификуваат јазовите во работењето и главните причини за нивно појавување, и се нудат пакет-мерки и систем за раководење со цел спроведување на промените во Бирото.

Сите прирачници се на располагање во електронско издание кое е достапно без надомест на веб-страницата на Бирото за јавни набавки.

## 4. Правна заштита

Со формирањето на Државната комисија за жалби по јавни набавки која започна со работа од 26.11.2008 година целосно се стави во функција новиот систем за правна заштита во постапките за доделување на договори за јавна набавка пропишан со законот. Новите законски решенија во согласност со кои е формирана и Државната комисија воспоставуваат нова организациска и суштинска поставеност на системот за правна заштита усогласена со европските практики во оваа област со кои се заменува досегашната поставеност на правната заштита во постапките. До формирањето на Државната комисија на 04.11.2008 година правната заштита во постапките до овој период од почетокот на годината беше покриена и беше во надлежност на Комисијата за жалби по јавни набавки на Владата на Република Македонија која истата и ја замени.

Со оглед дека системот на правна заштита во постапките за доделување на договори за јавна набавка е нов, во периодот што следи е потребно зголемувањето на напорите насочени кон зацврстување на административните капацитети на Државната комисија за постапување во жалбените постапки. Во оваа насока потребно е да се внимава на запазувањето на законскиот рок за одлучување по поднесената жалба, како и давањето доволно детално и издржано образложение согласно со изнесените факти и наоди во жалбената постапка во решенијата на Државната комисија за економските оператори да можат недвосмислено да разберат како и зошто е донесена таква одлука од Државната комисија. Преку ова се влијае на зголемување на довербата на сите инволвирани страни во системот на јавни набавки во земјата.

Особено значајно е Државната комисија да добие поддршка од организациски и буџетски аспект, односно да биде екипирана со доволен број стручен и помошен административен кадар, како и обезбедување на соодветни работни простории и технички средства за работа. За истакнување е и потребата за континуирана обука и стручно усовршување на Државната комисија и нејзината администрација.

Во овој дел е даден приказ на добиени и решени предмети во постапките за доделување на договори за јавна набавка за 2008 година, со напомена дека во периодот од 01.01.2008 до 31.10.2008 година надлежна за постапување по жалби во постапките за доделување на договори за јавна набавка беше Комисијата за жалби по јавни набавки на Владата на Република Македонија, бидејќи Државната комисија во тој период се уште не беше формирана. Податоци не се содржани за периодот од 04.11.2008 до 26.11.2008 година, односно за периодот од формирањето на Државната комисија до нејзино започнување со работа и постапување по поднесените жалби.

Во периодот од 26.11.2008 до 31.12.2008 година пред Државната комисија за жалби по јавни набавки се поднесени вкупно 198 жалби и 7 барања за продолжување на постапката, од кои: 133 жалби се одбиени, 6 жалби се отфрлени, 20 жалби се уважени, а одлуката на договорниот орган е укината, 14 жалби се уважени, а постапката е поништена, 25 жалби се повлечени, 6 барања за продолжување на постапката се отфрлени и 1 барање за продолжување на постапката е одобрено.

Во периодот од 01.01.2008 до 31.10.2008 година пред Комисијата за жалби по јавни набавки на Владата на Република Македонија се поднесени вкупно 786 жалби и 42 приговора, од кои 581 жалба се одбиени, 154 жалби се уважени, а одлуката/решението за избор е поништено, 40 жалби се уважени, а постапката е поништена, 11 жалби се утврдени како ненавремени, 13 приговори се уважени, 27 приговори се одбиени и 2 приговора се отфрлени како ненавремени. Во овој период повлечени биле 34 жалби.

# 5. Веб-информациски систем за објавување на огласите и известувањата за јавни набавки

Со донесување на Законот за јавни набавки започна да се користи веб информациски систем како дел од Електронскиот систем за јавни набавки.

Веб-информацискиот систем на Бирото за јавни набаки е изработен од страна на Друштвото за информатичка технологија „ СЕАВУС” ДОО Скопје, по спроведен Отворен повик бр. 07/2006 година од страна на Секретаријатот за европски прашања. Истиот е оперативен и непрекинато се користи од започнувањето со примена на законот.

Со Правилникот за формата и содржината на огласот, известувањето за поништување на постапката и образецот на евиденција на постапките со барање за прибирање на понуди („Службен весник на РМ“ бр.154/07, 36/08, 67/08 и 134/08), и Правилникот за формата и содржината на огласите и известувањата при доделувањето на договорите за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.154/07, 36/08, 67/08 и 134/08), Бирото за јавни набавки ја пропиша формата и содржината на огласите и известувањата, со што се постигна нивна унификација.

Паралелно со правилниците беа изготвени и Упатство за начинот на пополнување на огласот, известувањето за поништување на постапката и образецот на евиденцијата на постапките со барање за прибирање на понуди и Упатство за начинот на пополнување на огласите и известувањата при доделувањето на договорите за јавни набавки. Нивното пополнување се врши по електронски пат преку веб-информацискиот систем.

Веб-информацискиот систем „огласи и известувања“ е направен во Java технологија и истиот е подигнат на Apache Tomcat 5.5 апликациски сервер, инсталиран на Debian Linux OS. За базата на податоци се користи MySql 5.0. податочен сервер.

Тој е кориснички ориентиран систем кој овозможува едноставна навигација и едноставно пополнување на огласите и известувањата. Кон овој систем се пристапува со следнава web адреса http://javni-nabavki.finance.gov.mk.



До сега на веб-информацискиот систем се регистрирани вкупно 951 договорен орган. Регистрацијата на договорните органи се врши на тој начин што најнапред се пополнува регистрациона форма во која се содржани основните податоци за договорниот орган како што се: единствен матичен број, назив на договорниот орган, адреса, контакт лице, контакт телефон, е-меил адреса за контакт како и корисничко име и шифра. Откако ќе се заврши со регистрацијата, системот генерира електронска порака во која е наведено корисничкото име и лозинката со која договорниот орган ќе може да се најави во системот.



Исто така, договорните органи во регистрационата форма, ја избираат категоријата на договорен орган на која припаѓаат согласно со член 4 од законот, како и главната активност или дејност која ја вршат, кои податоци понатаму служат за генерирање на статистички извештаи.

Со најавувањето на договорниот орган во системот претходно пополнетите податоци во формата за регистрација секаде каде што ќе се јават во обрасците автоматски се пополнуваат.

Со регистрацијата на договорните органи, за прв пат Бирото располага со детална листа на договорни органи кои се обврзани да ги почитуваат одредбите, односно да спроведуваат постапки за доделување на договори за јавни набавки.

За разлика од нив, економските оператори и целокупната јавност огласите за доделување на договори за јавни набавки и известувањата за склучените договори можат да ги прегледуваат без да се најавуваат на системот, односно сите податоци им се јавно достапни без какви било ограничувања.

### ☑ Едноставен и лесен за користење (user friendly)

Веб-информацискиот систем претставува систем кој овозможува едноставно и лесно пополнување на обрасците и обезбедува унификација на истите. Договорните

органи со корисничкото име и шифра се најавуваат на веб-информацискиот систем и го избираат видот на образецот што треба да го пополнат.

Обрасците се изработени врз основа на ТЕД (Tenders electronic Daily) електронски дел на Службен весник на ЕУ и се усогласени со Директивите на ЕУ.




☑ **Унификација на огласите, известувањата, поништувањето на постапките и евиденцијата на постапките за барање на прибирање на понуди**

Обрасците за огласите за барање за прибирање на понуди и за доделување на договори за јавна набавка, известувањата за склучени договори за јавна набавка, известувањата за поништувањето на постапките како и евиденцијата на постапките со барање за прибирање на понуди се изработени согласно со законот и ги содржат сите задолжителни елементи. На овој начин на договорните органи им се олесни работата во поглед на подготовката на огласот и конзистентноста на податоците кои ги содржи истиот. Исто така, се постигна и намалување на грешките во однос на задолжителните елементи на огласот кои, доколку не се пополнат, системот не дозволува да се продолжи со натамошно внесување на податоци.




☑ **Воспоставен контролен механизам во однос на роковите на објава, дополнителни информации и промени во огласот итн.**

Со веб-информациски систем, исто така, е воспоставен автоматски контролен механизам кој се однесува на законските рокови во поглед на можноста за измена и дополна на огласот и тендерската документација, промена во однос на критериумите за доделување на договор за јавна набавка, што не е во согласност со член 159 од законот, односно еднаш утврдениот критериум за доделување на договорот не смее да се менува за целото времетраење на постапката.

Се постигна и намалување на техничките грешки кои претходно се јавуваа во поглед на несовпаѓање на датумот и часот на јавното отворање со датумот и часот определен како краен рок за доставување на понудите. Доколку по пополнувањето и испраќањето на обрасците до Бирото, не се достави верификација по факс со печат и потпис на одговорното лице на договорниот орган во рок од три дена, системот автоматски доставува електорнска порака со потсетување дека објавата или известувањето се неактивни и дека е потребно да го контактираат Бирото. Исто така, системот испраќа потсетување по изминување на одреден временски период по објава на огласот со цел да се доставаат известувања во однос на тој оглас за доделување на договор, (до каде е постапката, дали се склучени договори, дали постапката е поништена итн.).




## ☑ Електронско пополнување на известувања за склучени договори за јавни набавки

Согласно со член 55 од законот, договорниот орган задолжително доставува известување за склучен договор до Бирото заради објавување на веб-страницата (односно на веб-информацискиот систем) во рок од 30 дена по:

- спроведувањето на отворената постапка, ограничената постапка, конкурентниот дијалог или постапката со преговарање со и без претходно објавување на оглас, со доделување на договор за јавна набавка или склучување на рамковна спогодба,
- спроведувањето на конкурс за избор на идејно решение со прогласување на најдобро рангиран учесник и
- набавка на услуги од член 17 став (1) алинеја 2 од законот, доколку проценетата вредност, без вклучен ДДВ, е над 20.000 евра во денарска противвредност.

Известувањата за склучените договори за јавни набавки договорните органи ги пополнуваат електронски на веб-информацискиот систем за разлика од старото законско решение со кое беше предвидено пополнување на образец РЈН-1 (регистар за јавни набавки) во хартиена форма кое се доставуваше до БЈН и се истото се внесуваше во Единствен регистар за јавни набавки. При пополнување на известувањето за склучен договор, доколку станува збор за известување за кое имало објавен оглас со самото внесување на бројот на огласот податоците кои се во врска со тој оглас на пример: видот на постапката, предметот на набавката и слично, автоматски се генерираат во известувањето.

БЈН ја прегледува исправноста на известувањата за склучени договори и ги прави достапни на јавната страница.

На овој начин Бирото располага со огромна база на податоци кои се користат за анализирање на системот на јавни набавки на ниво на РМ и следење на јавните набавки, како и предлагање на мерки за унапредување на системот.




## ☑ Можност за водење на евиденцијата на постапките со барање за прибирање на понуди тековно (по завршување на постапката)

Покрај известувањата за склучен договор за јавна набавка, за огласите за доделување на договор за јавна набавка, согласно со член 103 од законот, договорниот орган е должен да води евиденција на постапките со барање за прибирање на понуди.

Договорниот орган доставува примерок во електронска форма од евиденцијата на постапките со барање за прибирање на понуди до Бирото најдоцна до 31 јули и до 31 јануари за договори за јавни набавки склучени во претходните шест месеци.

Евиденцијата на постапките со барање за прибирање на понуди се состои од 3 (три) дела:

- Во првиот дел се внесуваат податоци кои се однесуваат на постапките со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас за набавка на стоки, услуги или работи (кога проценетата вредност на договорот за јавна набавка, без вклучен ДДВ, е до 5.000 евра во денарска противвредност). Со претходните законски решенија договорните органи не беа обврзани да доставуваат податоци за набавките од мала вредност и поради тоа недостасуваше целосен преглед на вкупно склучените договори како и на вкупните средства потрошени за јавните набавки во Република Македонија. Со новиот закон договорните органи се обврзани податоците

за набавките од помала вредност да ги се доставуваат до Бирото за јавни набавки, истите се предмет на анализа и се јавно достапни.

- Во вториот дел од евиденцијата се внесуваат податоци за постапките со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас кога проценетата вредност на договорот за јавна набавка на стоки и услуги е до 20.000 евра во денарска противвредност, а на работи до 50.000 евра во денарска противвредност, без вклучен ДДВ.
- Во третиот дел од евиденцијата се внесуваат податоци за доделени договори за набавка на услуги од член 17 став 2 (услуги за железнички и воден транспорт, услуги за привремено вработување, хотелски, угостителски, правни, истражни, образовни, здравствени и социјални, рекреативни, културни, спортски и други услуги) со проценета вредност до 20.000 евра во денарска противвредност, без вклучен ДДВ.

Веб-информацискиот систем дава можност евиденцијата за постапките со барање за прибирање на понуди да се пополнува тековно онака како што се склучуваат договорите/фактурите.




| Реден број | Предмет на договорот за јавна набавка | Вид на договор за јавна набавка | Склучен договор/Добиена фактура со вклучен ДДВ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Име/назив на носителот на набавката | Вредност на склучениот договор/Добиена фактура со вклучен ДДВ | Број на договорот/Добиена фактура | Датум на договорот/Добиена фактура |
| 1 | Набавка на режано цвеќе | стоки | "ТЕДИ БЛОМЕН И АРТ" | 300000 | 03-38245/1 | 09.10.2008 |
| 2 | Резервни делови за одржување и поправка на информатичка опрема за потребите на МФ | стоки | "ПЕКСИМ" ДООЕЛ | 242485 | 03-39061/1 | 16.10.2008 |
| 3 | Набавка на потрошен материјал (кертрици-тонери) за телефакс апарати од марката "канон" | стоки | "АПОЛО" ДООЕЛ | 332495 | 03-42039/1 | 07.11.2008 |
| 4 | Набавка на автомобилски гуми за службените возила на МФ | стоки | ТП "ПНЕУМАТИК" | 263730 | 03-39936/9 | 17.12.2008 |
| 5 | Набавка на новогодишни честитки | стоки | "Специјална олимпијада" и др. | 60883 | 02/783 и др.. | 23.12.2008 |
| 6 | Изработка на дизајн и печатење на ваучери и постери за набавување на компјутери | услуги | Печатница " 11 ОКТОМВРИ" | 94398 | 3002324 | 24.11.2008 |

## ☑ Придобивки од веб-информацискиот систем за објавување на огласите и известувањата

Со воведувањата на веб-информацискиот систем се постигна следното:

- поголема транспарентност,
- поголема конкуренција меѓу економските оператори,

- поголема ефикасност во спроведувањето на постапките,
- поголеми заштеди во средства, време и човечки ресурси,
- поголема отчетност и транспарентност во трошењето на јавните средства.

Со веб-информацискиот систем се овозможи поголема транспарентност во поглед на постапките на доделувања на договори за јавни набавки. Секој заинтересиран има неограничен и бесплатен пристап до сите објавени огласи за доделување на договори за јавни набавки и известувањата кои произлегуваат од истите. Тоа значи дека економските оператори и целокупната јавност имаат можност да ги следат јавните набавки на договорните органи преку веб-информацискиот систем на Бирото.

Како кај економските оператори, така и кај договорните органи се направени одредени заштеди во поглед на трошоците околу објавувањето на постапките за јавни набавки до 20.000 евра за стоки и услуги и до 50.000 евра за работи. Овие огласи согласно со законот задолжително се објавуваат само на веб-страницата на Бирото и тоа за незначителен износ од 15 евра во денарска противвредност кои се наменски средства за унапредување и развој на системот на јавните набавки.

Веб-информацискиот систем дава можност за пребарување по голем број на параметри, како на пример набавките што ги извршил одреден договорен орган во одреден период, предметот на набавката, видот на договорот, економските оператори кои се избрани за најповолни, односно носителите на набавките, вредноста на склучените договори, времетраењето на истите, дали постапката била спроведена преку електронскиот систем за јавни набавки, дали е користена електронска аукција, дали е склучена рамковна спогодба, дали постапката е поништена и причината за нејзиното поништување, како и многу други податоци.



Поголемата транспарентност во јавните набавки подразбира и подобра конкуренција и отворање на пазарот за јавни набавки. Конкуренцијата се мери со учество на поголем број на економски оператори во постапките за доделување на договори за јавни набавки, а со тоа и добивање на поквалитетни и поевтини понуди. На тој начин се остваруваат поголеми заштеди во јавните средста и нивна алокација на други јавни проекти.

Ефикасноста со воведувањето на веб-информацискиот систем за јавни набавки се мери преку заштедите во време и средства при пополнување на огласите и известувањата за јавни набавки.

Преку воведувањето на веб-информацискиот систем се овозможува поголемо следење на трошењето на јавните средства, поголема одговорност и отчетност на Владата за рационално и ефикасно искористување на парите на даночните обврзници во постапките за доделување договори за јавна набавка.

# 6. Електронски систем за јавни набавки

Проектот за е-Влада финансиран од УСАИД во соработка со Бирото за јавни набавки, а со техничка помош од друштвото за информатичка технологија – Сеавус, го изработи Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), преку кој се овозможува спроведување на постапките за доделување договори за јавни набавки со користење на електронски средства (користење на електронска опрема за поднесување, обработка и чување на податоци). Системот овозможува безбеден начин на комуникација помеѓу договорните органи и економските оператори, а овозможува и заштеди на парите на даночните обврзници преку намалување на цените и намалување на можностите за корупција во оваа област.




ЕСЈН е единствен компјутеризиран систем достапен на Интернет (https://www.e-nabavki.gov.mk), кој се користи за да се овозможи поголема ефикасност и економичност во областа на јавните набавки. Преку ЕСЈН може да се спроведат следниве постапки за доделување на договори за јавни набавки: отворена постапка, ограничена постапка и постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас (до 20.000 евра за стоки и услуги и до 50.000 евра за работи). При спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка преку ЕСЈН сите дејствија во постапката (објавување на оглас и тендерска документација, поднесување на понуди, јавно отворање и евалуација, донесување одлуки, известувања за донесни одлуки, комуникација со економски оператори) се спроведуваат во електронска форма.

**Тековни огласи**

Договорен орган: Министерство за тестирањ | Од | До | Само преку е-Аукција | Пребарувај

| Договорен орган | Предмет на договорот за јавна набавка | Датум на јавно отворање | Вид на постапка | Документи |
|---|---|---|---|---|
| Министерство за тестирање | Канцелариски материјали | 30-08-2008 10:30 | Барање за прибирање понуди | Oglas za dodeluvanje na dogovor za javna nabavka.pdf; Тендерска документација.doc |
| Министерство за тестирање | Персонални компјутери | 30-08-2008 10:20 | Ограничена постапка | Тендерска документација.doc |
| Министерство за тестирање | Компјутерска опрема | 30-08-2008 10:00 | Отворена постапка | Oglas za dodeluvanje na dogovor za javna nabavka.pdf; Tenderska dokumentacija_Kompjuteri.pdf |
| Министерство за тестирање | Test test | 14-09-2008 16:32 | Отворена постапка (е) | Тендерска документација.doc |

Прва | Претходна | 1 | Следна | Последна — ЛЕГЕНДА: (е) - е-Аукција | Делива набавка

Истовремено, преку ЕСЈН може да се спроведе електронска аукција како последна фаза во отворена, ограничена постапка, постапка со барање за прибирање на понуди и во постапка со преговарање со претходно објавување на оглас, како и во случај при повторно прибирање понуди од економски оператори кои се страни во рамковна спогодба. Електронската аукција претставува повторлив процес на негативно наддавање, кој се реализира по првична целосна евалуација на понудите, во кој понудувачите имаат можност да ги ревидираат дадените цени, а рангирањето се врши автоматски. Електронската аукција може да се спроведе како последна фаза на постапка за јавна набавка која претходно била спроведена или во хартиена форма или целосно во електронска форма.

Во текот на цела 2008 година, Бирото за јавни набавки и Проектот за е-Влада продолжи со преземање на активности во насока на подобрување на целокупните функционалности на системот, неговата безбедност, како и корисничкиот интерфејс. Електронскиот систем во целост ги задоволува функционалните услови за спроведување на електронски јавни набавки кои се утврдени во правната рамка на Европска унија, (23 од 26 функционални барања). Не се исполнети барањата кои се опционални и се однесуваат на постапка со динамично купување и електронски каталози.

## *Правна рамка и практична реализација на одредбите од законот и заклучоците на Владата на РМ*

Согласно со одредбите од законот, користењето на ЕСЈН не е задолжително за договорните органи, па поради тоа степенот на користење на истиот во текот на првата половина на 2008 година беше незначителен. Од таа причина, со Законот за изменување и дополнување на ЗЈН од октомври 2008 година, се предвиде постепено воведување на задолжителноста на електронските аукции за сите договорни органи, односно:

- во најмалку 30% од проценетата вредност на планираните постапки за доделување на договори за јавни набавки од 1 јануари 2010 година,
- во најмалку 50% од проценетата вредност на планираните постапки за доделување на договори за јавни набавки од 1 јануари 2011 година и

- во 100% од проценетата вредност на планираните постапки за доделување на договори за јавни набавки од 1 јануари 2012 година.

Во насока на навремено подготвување на договорните органи за примената на оваа законска одредба, Владата на РМ на својата 10-та седница одржана на 26.08.2008 година, донесе заклучок во согласност со кој секое министерство до крајот на 2008 година треба да објави и спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка, која завршува со е-аукција.

Бирото го следеше спроведувањето на овој заклучок и презема активности во насока на негово почитување, односно во текот на интензивните обуки кои се одржаа во периодот август – декември 2008 година постојано ги потсетуваше договорните органи дека се задолжени да спроведат постапка преку ЕСЈН, а во текот на декември 2008 година испрати и писмено потсетување до сите министерства дека имаат обврска до крајот на годината да спроведат барем по една постапка преку ЕСЈН.

## *Подобрување на функционалностите и безбедноста на ЕСЈН*

Во текот на 2008 година се презедоа активности за подобрување на функционалностите и измена на дизајнот на ЕСЈН, но и за зголемување на целокупната безбедност на ЕСЈН, која произлезе како резултат на спроведената втора ревизија на информатичката безбедност на системот.

На 16 јануари 2008 година, Проектот за е-Влада склучи договор со ревизорската куќа Deloitte за спроведување на втора ревизија на информатичката безбедност на ЕСЈН, со цел уште еднаш да се провери и потврди безбедноста на апликацијата, а особено поради направените многубројни надградби и модификации. Извештајот од ревизијата беше доставен на 14.03.2008 година, по што следуваа дополнителни интервенции од страна на изработувачот на софтверското решение. На почетокот на април 2008 година, софтверската компанија Сеавус инсталираше нова верзија од апликацијата во која беа имплементирани сите препораки за подобрување на безбедноста дадени во ревизорскиот извештај.

На барање на Бирото за јавни набавки и Министерството за информатичко општество, Проектот за е-Влада во март 2008 година дополнително ја ангажираше ревизорската куќа Deloitte да направи и стрес-тест на ЕСЈН, со што се потврди неговата стабилност при истовремено објавување на голем број постапки. Стрес-тестот извршен врз ЕСЈН покажа дека апликацијата има капацитет да го поддржи спроведувањето на сите постапки за доделување договори за јавни набавки во државата.

Во текот на 2008 година е промовиран и интернет линк преку кој се пристапува до тестната верзија на апликацијата за електронски јавни набавки (http://test.e-nabavki.gov.mk), со цел да им се даде можност на сите договорни органи и економски оператори да го испробаат функционирањето на ЕСЈН пред да спроведат постапка по електронски пат.

Во текот на промоцијата се поделни 100 тестни кориснички имиња и шифри на претставниците од договорните органи, со што им се даде можност преку интернет да вршат тестирање на системот.

## *Преземени активности во насока на зголемено користење на дигитални сертификати*

За спроведување на постапките за јавни набавки преку ЕСЈН потребно е користење на дигитални сертификати. Од влегувањето во сила на Законот за јавни набавки, Бирото на својата веб-страница објави известување за договорните органи и економските оператори со кое беа упатени до двата регистрирани издавачи на дигитални сертификати во Република Македонија (КИБС и Македонски телеком). Истовремено, Бирото по писмен пат и во текот на обуките ги информираше договорните органи за неопходноста од поседување на дигитален сертификат.

## Хардверска опрема и инфраструктура

Првичната верзија од софтверската апликација за електронски јавни набавки беше инсталирана на сервер набавен преку Проектот за е-Влада. Серверот беше чуван во специјално уредена просторија за потребите на инсталацијата.

При крајот на 2006 година, серверот беше преместен во просториите на Генералниот секретаријат на Владата на РМ, каде се чуваше во посебно наменета серверска просторија речиси една година.

По спроведената ИТ ревизија на ЕСЈН беше препорачано апликацијата да се инсталира на 2 сервера – еден за веб-апликацијата и еден за базата на податоци. За целите на имплементацијата на оваа препорака, Генералниот секретаријат обезбеди 2 идентични сервера на кои беше инсталирана апликацијата.

Кон средината на 2008 година, серверите беа преместени во друштвото Неотел, со кое Генералниот секретаријат склучи едно-годишен договор за хостирање на апликацијата.

Во текот на октомври 2008 година, Бирото преку Министерството за финансии објави постапка за доделување на договор за јавна набавка на современа хардверска опрема за потребите на ЕСЈН. Спецификацијата за потребната хардверска опрема за непречено функционирање на ЕСЈН беше изработена преку Проектот за е-Влада, со ангажирање на консултантски услуги од ИТ компанијата Инфинит солушнс.

По инсталацијата на новата опрема Бирото за јавни набавки ќе го приспособи софтверското решение за непречено функционирање на ЕСЈН во новата околина. Оваа активност е предвидена за првата половина од 2009 година.

## Техничка спецификација на системот

Во софтверското решение за спроведување на електронски јавни набавки се користат следниве технологии:

- Servers Operating system: MS Windows Server 2003,
- Database: Microsoft SQL Server 2005,
- Programming Languages: C#, DHTML, Java Scripts, SQL, XML,
- Microsoft .NET Framework 3.5,
- Microsoft Internet Information Services 6.0.

## Заштита на понуди и безбедност на системот

Понудите/Пријавите за учество во прва фаза од ограничена постапка кои се прикачуваат преку ЕСЈН се посебен и многу значаен тип на документи, карактеристичен заради нивната енкрипција (шифрирање). При поднесување на понуди/пријави за учество преку ЕСЈН, понудувачите ги прикачуваат своите документи во ЕСЈН во кои е

содржана понудата и придружната документација. Во моментот на поднесувањето на документите, системот врши автоматско шифрирање (енкрипција) на нивната содржина. Како такви тие се заштитени и никој не може да ја види нивната содржина сè до датумот на отворањето на понудите. На датумот и часот дефиниран за отворање на понудите, системот автоматски ги декриптира (дешифрира) понудите, така што комисијата може да види кој се поднел понуда и каква е содржината на понудите.

За криптирањето (шифрирањето) и декриптирањето (дешифрирањето) на документите се грижи системот автоматски, користејќи 256 битна енкрипција.

Преку ЕСЈН е овозможена размена на повеќе типови на документи, и тоа: .doc; .txt; .zip; .pdf; .jpg; .jpeg; .gif; .odt; .rar; .xls; .slk; .xlw; .csv; .ppt; .pps; .docx; .xlsx; .pptx. Стандард за тип на размена на документи во системот е .pdf. Процесот на дигитално потпишување на .pdf документи е интегриран во програмата Adobe.

## *Препораки за понатамошен развој на ЕСЈН*

Основен услов за континуирана работа на ЕСЈН, е да се одржува нивото на негово непречено функционирање 24 часа дневно, 7 дена во неделата. Тоа ќе се постигне само преку обезбедување и одржување на стабилен интернет линк преку кој се пристапува до апликацијата и соодветно обучен кадар кој ќе се грижи за навремено преземање на сите потребни мерки за правилно одржување на системот.

ЕСЈН задолжително треба да се интегрира со веб-информацискиот систем за објава на огласи и известувања, со цел да се олесни уште повеќе неговото користење и да се избегне двојно внесување на одредени информации при креирање и спроведување на постапките.

Интегрираната софтверска апликација за јавни набавки треба да се инсталира на нова хардверска инфраструктура, односно на 4 сервери поврзани во кластер околина. За непречено функционирање на апликацијата во новата околина, потребна е нејзино мало приспособување

Треба да се продолжи со интензитетот на одржување промотивни настани и обуки како за договорните органи, така и за економските оператори. Покрај овие групи на корисници, за начинот на користење на ЕСЈН треба да се обучат и Државната комисија за жалби и Државниот завод за ревизија.

Треба да се обезбедат и финансиски средства за одржување на системот и постојано подобрување на неговите функционалности.

## *Статистички податоци за користењето на ЕСЈН*

Од започнувањето на развојот на ЕСЈН до денес, забележан е огромен напредок во областа на прифаќањето и користењето на електронските јавни набавки во Република Македонија.

На ЕСЈН се регистрирани 222 договорни органи и 1200 економски оператори (во оваа бројка влегуваат и двојни регистрации, како и повеќе регистрирани лица од еден економски оператор).

Во текот на 2008 година вкупно преку електронскиот систем за јавни набавки се спроведени 19 постапки за доделување на договори за јавна набавка. Од нив 6 постапки завршиле со електронска аукција, односно, бидејќи некои предмети на набавките се деливи, се спроведени 16 електронски аукции (за секој дел одделна аукција) како последна фаза во отворена, ограничена постапка, постапка со барање за прибирање на

понуди и во постапка со преговарање со претходно објавување на оглас, како и во случај при повторно прибирање понуди од економски оператори кои се страни во рамковна спогодба.

Табела 1 Договорни органи кои спровеле постапки преку ЕСЈН во 2008 година

| Назив на договорен орган | Број на постапки преку ЕСЈН | Вид на постапка | Електронска аукција |
|---|---|---|---|
| Министерство за внатрешни работи | 1 | Отворена постапка | ⓔ |
| Министерство за финансии | 1 | Отворена постапка | |
| Царинска управа | 1 | Отворена постапка | |
| | 1 | Отворена постапка | ⓔ |
| Јавно претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија | 6 | Отворена постапка | ◧ ⓔ |
| Општина Берово | 2 | Барање за прибирање на понуди | |
| | 2 | Отворена постапка | |
| Фонд за здравствено осигурување на Македонија | 1 | Отворена постапка | ◧ |
| ЈП Водовод и канализација Скопје | 1 | Отворена постапка | ◧ ⓔ |
| Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија | 1 | Отворена постапка | ◧ ⓔ |
| ЈП Македонска радиодифузија- Скопје | 1 | Отворена постапка | ⓔ |
| Генерален секретаријат | 1 | Отворена постапка | ◧ |

Легенда:

- ◧ означува дека предметот на набавка на конкретната постапка е делив
- ⓔ означува дека конкретната постапка ќе се спроведе со електронска аукција

Табела 2 Подетален приказ на постапките спроведени преку ЕСЈН во 2008 година

| Назив на договорен орган | | Предмет на набавка | Вид на постапка | Датум и час | Избран понудувач |
|---|---|---|---|---|---|
| 01 | Општина Берово | Изградба и реконструкција на отворени спортски терени и поставување на урбана опрема (голови, кошеви, трибини и друг вид на спортски реквизити) | Отворена | 11.02.2008 11:00 часот | Донесена е Одлука за избор на најповолна понуда. **Blato DOO** е избран за најповолен понудувач. |
| 02 | Општина Берово | Партерно уредување на дел од градски плоштад. | Отворена | 06.03.2008 12:00 часот | Донесена е Одлука за избор на најповолна понуда. **KRIN PROIZVODSTVO DOO** е избран за најповолен понудувач. |
| 03 | Генерален секретаријат | Интернет услуги | Отворена делива | 25.02.2008 11:00 часот | интернет линк 1 – ДИС Он.нет ДОО – Одлука за избор на најповолна понуда<br>интернет линк 2 – Неотел Доо – Одлука за избор на најповолна понуда |
| 04 | ЈП Македонска радиодифузија | Набавка на материјали за електрично | Отворена спроведена во | 08.05.2008 (аукција) | Најниска цена на е-аукцијата поднесе понудувачот **Pexim dooel** .Конечната одлука за оваа постапка ќе ја донесе |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | поврзување за проектот Компјутер за секој ученик-средни училишта-продолжни кабли | хартиена форма, која заврши со е-аукција преку ЕСЈН | | одговорното лице, за што ќе бидете дополнително информирани во хартиена форма. |
| 05 | Општина Берово | Набавка на градежни материјали и работи за санирање и реконструкција на санитарии во основни училишта во Општина Берово | Барање за прибирање понуди | 11.06.2008 11:00 часот | Донесена е Одлука за избор на најповолна понуда. **GRAMADA** е избран за најповолен понудувач. |
| 06 | Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија | Информатичка опрема:<br>**1.** Компјутери<br>**2.** Периферни уреди<br>**3.** Софтвери<br>**4.** Сервери и дополнителна опрема | Отворена делива со аукции (4 дела – 4 аукции) целосно спроведена преку ЕСЈН | 1.24.09.2008<br>2.25.09.2008<br>3.25.09.2008<br>4.26.09.2008<br>(аукции) | **1.** Најниска цена на е-аукцијата поднесе понудувачот **DUNA KOMPJUTERI.**<br>**2.** Најниска цена на е-аукцијата поднесе понудувачот **Pexim dooel.**<br>**3.** Најниска цена на е-аукцијата поднесе понудувачот **DUNA KOMPJUTERI.**<br>**4.** Најниска цена на е-аукцијата поднесе понудувачот **Ланком Компјутери.** |
| 07 | Министерство за финансии – Царинска управа | 32.000 литри масло за горење (екстра лесно) и 2.000 литри нафта за агрегат | Отворена | 13.10.2008 | Донесена е Одлука за избор на најповолна понуда. **,,MAKPETROL"AD-SKOPJE** е избран за најповолен понудувач. |
| 08 | ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија | Земјани, ѕидарски, бетонски и армирано-бетонски работи за тековно и инвестиционо одржување на станбениот и деловниот простор и други објекти со кои стопанисува претпријатието и обврски во гарантен рок | Е-аукција (отворена постапка во хартиена форма, која завршува со аукција преку ЕСЈН) | 31.10.2008 (аукција) | Најниска цена на е-аукцијата поднесе понудувачот **D.G. "NELA-AR" - dooel Aco** . |
| 09 | ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија | Електрика за тековно и инвестиционо одржување на станбениот и деловниот простор и други објекти со кои стопанисува претпријатието и обврски во гарантен рок | Е-аукција (отворена постапка во хартиена форма, која завршува со аукција преку ЕСЈН) | 31.10.2008 (аукција) | Во текот на е-аукцијата не беше поднесена нова намалена цена. |
| 10 | ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија | Водовод, канализација и санитарија за тековно и инвестиционо одржување на станбениот и деловниот простор и други објекти со кои стопанисува претпријатието и обврски во гарантен рок | Е-аукција (отворена постапка во хартиена форма, која завршува со аукција преку ЕСЈН) | 03.11.2008 (аукција) | Најниска цена на е-аукцијата поднесе понудувачот **Viktorija Gradba - Skopje** . |
| 11 | ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија | Столарски, паркетарски, стакларски, керамичарски, терацерски, молерофарбарски и изолатерски работи за тековно и инвестиционо одржување на станбениот и деловниот простор со кои стопанисува претпријатието и обврски во | Е-аукција (отворена постапка во хартиена форма, која завршува со аукција преку ЕСЈН) | 03.11.2008 (аукција) | Најниска цена на е-аукцијата поднесе понудувачот **D.G. "NELA-AR" - dooel Aco**. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | гарантен рок | | | |
| 12 | ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија | Изведба на сите фази за објект БЛР1 Ц1 во Битола | Е-аукција (отворена постапка во хартиена форма, која завршува со аукција преку ЕСЈН) | 17.11.2008 (аукција) | Најниска цена на е-аукцијата поднесе понудувачот **BEMOS V**. |
| 13 | ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија | Изведба на сите фази за објект Расадник Блок 3 во Охрид | Е-аукција (отворена постапка во хартиена форма, која завршува со аукција преку ЕСЈН) | 18.11.2008 (аукција) | Најниска цена на е-аукцијата поднесе понудувачот **BEMOS V.** |
| 14 | Фонд за здравствено осигурување на Македонија | Масло за горење екстра лесно - ЕЛ и моторни горива | Отворена делива | 21.11.2008 13:30 часот | Масло за горење екстра лесно — Makpetrol AD Skopje — Одлука за избор на најповолна понуда<br>Моторни горива — Makpetrol AD Skopje — Одлука за избор на најповолна понуда |
| 15 | ЈП Водовод и канализација - Скопје | Хардверска опрема:<br>**1.** Листа 1 Преносни компјутери<br>**2.** Листа 2 Персонални компјутери Desktop PC и монитори<br>**3.** Листа број 4 - Рак кабинет, кабел, УПС | Отворена делива спроведена во хартиена форма, со аукции (3 аукции од планирани 4 – не беа исполнети условите за одржување на аукција) | 1.28.11.2008<br>2.01.12.2008<br>3.01.12.2008 (аукции) | **1.** Во текот на е-аукцијата не беше поднесена нова намалена цена.<br>**2.** Во текот на е-аукцијата не беше поднесена нова намалена цена.<br>**3.** Најниска цена на е-аукцијата поднесе понудувачот **Pexim dooel** . |
| 16 | Министерство за финансии – Царинска управа | Изведба на електричарски, водоинсталатерски, керамичарски, молерофарбарски и столарски работи на гранични премини и терминали на Република Македонија:Блаце, Табановце, Пелинце, Деве Баир, Делчево, Ново Село, Стар Дојран, Богородица, Стење, Меџитлија, Свети Наум, Ќафасан и Блато, | Е-аукција (отворена постапка во хартиена форма, која завршува со аукција преку ЕСЈН) | 28.11.2008 (аукција) | Најниска цена на е-аукцијата поднесе понудувачот **Viktorija Gradba - Skopje** . |
| 17 | Министерство за финансии | Набавка на масло за горење-екстра лесно (ЕЛ) за грејната сезона 2008/2009, за потребите на подрачните единици на Министерството за финансии | Отворена со аукција (немаше ниту една прифатлива понуда, аукција не се одржа) | 28.11.2008 11:00 часот | Донесена е Одлука за поништување на постапката. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 18 | Општина Берово | Набавка на градежни работи и опрема за реконструкција на резервар и пумпна станица на Беровско Езеро | Барање за прибирање понуди | 02.12.2008 12:00 часот | Донесена е Одлука за избор на најповолна понуда. **Турбоинженеринг-Скопје** е избран за најповолен понудувач. |
| 19 | Министерство за внатрешни работи | Набавка на колективно осигурување | Е-аукција (отворена постапка во хартиена форма, која завршува со аукција преку ЕСЈН) | Декември 2008 (аукција) | Најниска цена на е-аукцијата поднесе понудувачот **СИГМА.** |

Воспоставени се улогите и одговорностите на владините институции кои се јавуваат како носители на имплементацијата на електронски јавни набавки во Република Македонија. За техничката поддршка на ЕСЈН се грижи Генералниот секретаријат на Владата на РМ заедно со обучените ИТ лица од Бирото за јавни набавки. Министерството за информатичко општество се јавува во улога на обезбедување дополнителна финансиска и техничка поддршка за непречено функционирање на ЕСЈН.

Во 2005 година само се зборуваше за воспоставување на современ целосно функционален електронски систем за јавни набавки. Денес имаме систем кој го опфаќа целокупниот процес на подготовка, објавување и спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки во електронска форма. Како новина треба да се истакне воведувањето на електронските аукции, кои овозможуваат значителни заштеди на парични средства за договорните органи, како и модулот Пријави се за ИНФО за нови огласи кој обезбедува полесен пристап до информации во врска со нови огласи објавени преку системот за економските оператори. Процесот на следење, анализа на постапките и презентација на резултатите од спроведените постапки е значително подобрен. Исто така, како новина и придобивка од воведувањето на оваа софтверска апликација треба да се истакне олеснетиот начин на комуникација помеѓу договорните органи и економските оператори, како и зголемената транспарентност при спроведувањето на постапките за доделување на договори за јавни набавки.

Преку воведувањето на електронскиот систем за јавни набавки сметаме дека е направен огромен напредок во сферата на промовирање на електронските услуги кои ги нуди Владата на Република Македонија и дека овој чекор треба да е само поттик за почеток на модернизацијата на целокупното работење како на Бирото за јавни набавки, така и на сите договорни органи и економски оператори во Република Македонија.

# 7. Анализа на статистичките податоци за спроведените постапки и склучените договори за јавни набавки

## *Вовед*

Бирото за јавни набавки, согласно со својата законска обврска од член 14 став 1 алинеја 7 од законот прибира, ги обработува и анализира податоците за јавни набавки и подготвува статистички извештаи. Бирото редовно изготвува полугодишен и годишен извештај, а по потреба, месечни извештаи од областа на јавните набавки. Во понатамошниот текст е даден детален приказ на пазарот на јавните набавки во Република Македонија за периодот на 2008 година. Дадени се податоци категоризирани по неколку параметри и видови, за да може подобро да се согледа состојбата во областа на јавните набавки, финансиските текови и импликациите од јавната потрошувачка од страна на договорните органи.

Предмет на анализа на податоците во овој извештај се сите огласи за доделување на договор за јавна набавка, конкурси за избор на идејно решение и сите договори склучени за јавни набавки во дадениот период, а за прв пат се опфатени и постапките за барање за прибирање на понуди без објавување на оглас - до 5.000 евра.

Податоците прикажани во понатамошниот текст се прибирани од вкупно 951 договорни органи регистрирани на веб-информацискиот систем на Бирото за јавни набавки.

Со започнувањето на употребата на веб-информацискиот систем за јавни набавки, и пополнувањето на огласите и известувањата само по електронски пат, Бирото за јавни набавки управува со голема база на податоци и има подетален увид во постапките за јавни набавки во Република Македонија. Во понатамошниот текст се прикажани податоците за 2008 година, разработени по различни параметри и со база на податоци од веб-информацискиот систем и постапките водени по новиот Закон за јавни набавки, не земајќи ги предвид постапките водени по претходниот Закон за јавни набавки. Исто така, поради различната основа и услови под кои се водени постапките во претходните години (претходен закон) и во 2008 година (нов закон) и поради неможноста за веродостојна споредба, во Извештајот не се прикажани целосни компаративни податоци со претходните години.

## *Општи и споредбени податоци за склучените договори за јавни набавки*

Од базата на податоци, на веб-информацискиот систем за јавни набавки, можеме да видиме дека во 2008 година се склучени вкупно **22053** договори за јавни набавки, во вкупна вредност од **27.553.199.555,67 денари** (со вклучен ДДВ)**.** Вредноста на јавните набавки во државата за 2008 година изнесува **7%** од БДП на Република Македонија.

При разгледувањето на оваа бројка на склучени договори мора да се напомене дека тука се содржани и договорите/фактури под прагот од 5000 евра, за постапки со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас, затоа бројката на склучените договори е толку висока. Од оваа бројка може да се утврди зголемување на вредноста на склучените договори за јавни набавки за 2008 година во износ од **26%** во однос на 2007 година. Оваа бројка за вредноста на јавните набавки во 2008 година дава најреална слика за обемот на јавните набавки во однос на износите за претходните години затоа што сега, поради самата поставеност на системот за огласи и известувања, и обврската

на договорните органи за користење на истиот, е направена база на податоци која ги покрива сите договорни органи и нивните постапки за јавни набавки. Исто така, зголемувањето на вредноста се должи и на растот на економијата во Република Македонија (зголемување на БДП, зголемување на буџетот).

Иако системот овозможува градење на солидна база на податоци а Бирото преку своите активности ги обучува договорните органи за навремено доставување на известувањата, сепак овие износи не претставуваат целосна покриеност на договорите за јавни набавки, зашто доставувањето на податоците најмногу зависи од ажурноста на договорните органи во исполнувањето на нивните законски обврски. Меѓутоа, мора да се истакне дека за прв пат во текот на 2008 година преку полугодишните евиденции на постапките со барање за прибирање на понуди се прибираат, обработуваат и анализираат податоци за набавките на стоки, услуги и работи до 5.000 евра.

Во табелата бр. 1 и графиконот бр. 1 е даден споредбен приказ на бројот и вредноста на склучените договори за јавни набавки за последните 3 години, на Буџетот на Република Македонија, БДП и процентот од БДП.

Табела бр. 1

| Година | Буџет на РМ | БДП | Вредност на склучените договори | Вредност на ЈН како процент од БДП |
|---|---|---|---|---|
| 2006 | 81.749.000.000,00 | 310.932.000.000,00 | 8.958.199.675,00 | 3% |
| 2007 | 108.634.000.000,00 | 353.786.000.000,00 | 21.841.515.274,00 | 6% |
| 2008 | 128.740.000.000,00 | 398.640.000.000,00 | 27.553.199.555,67 | 7% |

Вредноста е изразена во МКД

Графикон бр.1



## *Податоци од огласите за доделување на договори за јавни набавки, за барање за прибирање на понуди и за конкурс за избор на идејно решение*

Во 2008 година на веб-информацискиот систем за објавување на огласите и известувањата биле објавени **6867** огласи, и тоа **2790** огласи за барање за прибирање на понуди, **4057** огласи за доделување на договор за јавна набавка (отворена постапка, ограничена постапка, конкурентен дијалог и постапката со преговарање со претходно објавување на оглас) и **20** огласи за конкурс за избор на идејно решение. Тука е потребно да се напомене дека станува збор за огласи за посебни водови на постапки коишто се објавуваат на системот. Во  Табела бр. 2 и Графикон бр. 2 е даден приказ на бројот на објавени огласи според видот на постапката.

Табела бр. 2

| Вид на постапка | Број на огласи |
|---|---|
| Барање за прибирање на понуди | 2790 |
| Отворена постапка | 3961 |
| Ограничена постапка | 69 |
| Конкурентен дијалог | 1 |
| Конкурс за избор на идејно решение | 20 |
| Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас | 26 |
| **Вкупно** | **6867** |

Графикон бр. 2




Од горенаведените податоци се гледа дека во 2008 година најмногу огласи се објавени за отворена постапка - **3961** и за барање за прибирање на понуди - **2790** огласи. Од ова се гледа дека договорните органи ја користеле отворената постапка како една од најтранспарентните, а исто така ја користеле и постапката со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас за стоки и услуги до 20.000 евра и работи до 50.000 евра, која е поедноставна од отворената постапка. Оваа постапка во системот на јавните набавки во Македонија се користи од 2008 година со стапување на сила на новиот закон и договорните органи ја користат поради поедноставувањето во процедурата за

доделување на договорот за јавна набавка. огласите за оваа постапка се објавуваат само на веб-информацискиот систем на Бирото за јавни набавки.

Според видот на предметот на договорот за јавна набавка, најмногу огласи за барање за прибирање на понуди се објавени за набавка на стоки, и тоа **1389** огласи. Бројот на објавени огласи за барање за прибирање на понуди според видот на договорот дадени се во графикон бр. 3.

Графикон бр. 3




Исти се и податоците за Огласите за доделување на договор за јавна набавка (отворена постапка, ограничена постапка, конкурентен дијалог и постапката со преговарање со претходно објавување на оглас). Најмногу огласи за доделување на договор за јавна набавка се објавени за набавка на стоки - **2406** огласи. За услуги се објавени **870** огласи и за работи **781** оглас. Приказ на објавените огласи за доделување на договор според видот на договорот се дадени во Графикон бр. 4.

Графикон бр. 4



Во табела бр. 3 се дадени сумирани податоци за сите огласи објавени на системот на Бирото, распределени според видот на предметот на договорот за јавна набавка.

Табела бр. 3

| Вид на договорот за јавна набавка | Број на огласи за барање за прибирање на понуди | Број на огласи за доделување на договор |
|---|---|---|
| Стоки | 1389 | 2406 |
| Услуги | 589 | 870 |
| Работи | 812 | 781 |
| **Вкупно** | **2790** | **4057** |

Во поглед на поделбата извршена според категоријата на договорните органи, согласно со членот 4 од Законот за јавните набавки и Одлуката за утвредување на индикативниот список, вкупниот број на објавени огласи за барање за прибирање на понуди според категоријата на договорен орган е прикажан во графикон бр. 5.

Графикон бр. 5




При разгледување на податоците за објавени огласи за барање за прибирање на понуди според категорија на договорен орган, може да се види дека најмногу огласи - 1349 имаат објавено договорни органи од категорија правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес - Член 4 став 1 алинеја б) од Законот и договорни органи кои спаѓаат во категоријата на органи на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје – 756 огласи. Од ова може да видиме дека државните органи и јавните претпријатија, акционерските друштва и друштвата со ограничена одговорност од опфатените дејности значително помалку објавувале огласи за барање на прибирање на понуди во однос на нивните објави на огласи за доделување на

договор, а тоа се должи на вредностите на нивните набавки кои се високи и го надминуваат прагот од 20.000 евра за стоки и услуги и 50.000 евра за работи.

Графикон 6




Од графиконот бр. 6 може да се утврди дека најголем број на огласи за доделување на договор за јавна набавка се објавени од страна на договорните органи кои спаѓаат во категоријата на правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес - Член 4 став 1 алинеја б) од Законот, и тоа **1852** огласа. Потоа следат државните органи - **780** и јавните претпријатија, акционерските друштва и друштвата со ограничена одговорност од опфатените дејности - **757** огласи.

Во табела бр. 4 се дадени сумирани податоци за двата вида на огласи според категоријата на договорен орган.

Табела бр. 4

| Категорија на договорен орган | Број на огласи за доделување на договор | Број на огласи за барање за прибирање на понуди |
|---|---|---|
| Државни органи | 780 | 385 |
| Органи на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје | 649 | 756 |
| Правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес – Член 4 став 1 алинеја б) од Законот | 1852 | 1349 |
| Правни лица основани од еден или повеќе договорни органи | 5 | 4 |
| Јавни претпријатија, акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност од опфатени дејности | 757 | 296 |
| Други договорни органи | 14 | / |
| **Вкупно** | **4057** | **2790** |

Во поглед на скратувањето на роковите договорните органи во 2008 година објавиле вкупно 157 постапки со скратени рокови. Намалувањето на роковите на постапките, соодветно на типот на постапката може да се користи: ако договорниот орган има објавено претходно индикативно известување, ја има објавено целокупната тендерска документација на интернет адреса или поради итни причини.

Вкупно огласи за рамковна спогодба, како посебен начин на доделување на договор за јавна набавка во текот на 2008 година биле објавени 658 (527 огласи за доделување на договор и 131 барање за прибирање на понуди).

Кога се разгледуваат податоците од огласите, кој вид на критериум за доделување на договор за јавни набавки договорните органи го користеле во спроведените постапки, може да утврдиме дека критериумот економски најповолна понуда е далеку повеќе користен од критериумот најниска цена.

Во табелата бр. 5 се дадени податоци за бројот на објавени огласи според критериумот за доделување на договорот за јавна набавка кој е користен во постапката. Тука е потребно да се напомене дека кај огласите за ограничена постапка, постапка со преговарање со претходно објавување на оглас и конкурентен дијалог, критериумот не се објавува во огласот, туку се наведува во тендерската документација за наредната фаза од постапката.

Табела бр. 5

| Критериум за доделување на договор | Број на огласи за барање за прибирање на понуди | Број на огласи со отворена постапка |
|---|---|---|
| Економски најповолна понуда | 2241 | 3442 |
| Најниска цена | 549 | 519 |
| **Вкупно** | **2790** | **3961** |

Во графиконот бр. 7 е дадена динамиката на објавување на огласите по месеци. Од овој графикон може да се види дека најголем интензитет на објавување на огласите има на почетокот на годината во февруари, март и април, за понатаму кон средината на 2008 година да има намалување и на крајот од годината бројот на објавени огласи да се зголеми. Оваа динамика најмногу се должи на тоа што договорните органи постапките за јавни набавки ги започнуваат на почетокот на годината.

Графикон бр. 7



## *Конкурентност кај постапките за доделување на договор за јавни набавки*

Како показател на конкурентноста, еден од основните принципи во доделувањето на договори за јавна набавка, може да послужи просечниот број на прифатливи понуди по договор. Во табелите бр. 6 и 7 е даден преглед на прифатливи понуди по договор по вид на предметот на договорот и видот на постапката.

Табела бр. 6

| Предмет на договорот за јавна набавка | Просечен број на понуди по договор |
|---|---|
| стоки | 5 |
| услуги | 4 |
| работи | 4 |

Табела бр. 7

| Вид на постапка | Просечен број на понуди по договор |
|---|---|
| Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | 3 |
| Отворена постапка | 5 |
| Ограничена постапка | 3 |
| Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас | 2 |
| Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас | 1 |
| Доделување на договор за јавна набавка за категорија на услуги 17-27, со проценета вредност под 20.000 евра | 1 |
| Доделување на договор за јавна набавка за категорија на услуги 17-27, со проценета вредност над 20.000 евра | 4 |

Од горенаведените податоци во табелите може да увидиме дека највисок степен на конкуренција е постигнат кај отворената постапка со просечно поднесени **5** прифатливи понуди по договор. Овој факт е очекуван, затоа што отворената постапка (на која отпаѓа **77%** од вредноста на јавните набавки во РМ) во однос на другите постапки, овозможува најголема конкуренција. Кај ограничената постапка просечниот број на поднесени понуди е **3**, додека е најмал кај постапките за преговарање поради специфичноста и некои од условите (ексклузивност, дополнителни испораки) под кои се водат овие постапки. Сепак, позитивен параметар е високиот степен на конкуренција кај постапката за доделување на договор за јавна набавка за категорија на услуги 17-27 со проценета вредност над 20.000 евра - во просек **4** понуди, со оглед на пофлексибилните услови и законски одредби за спроведување на оваа постапка во однос на другите.

## *Склучени договори за јавни набавки*

Во овој дел од Извештајот е даден приказ на податоците и е направена анализа на склучените договори за јавни набавки за 2008 година по различни параметри. Заради поголема прегледност и разбирливост на податоците, поглавјето е поделено во однос на тоа дали податоците се однесуваат на известување за склучен договор за јавна набавка или евиденција на постапки со барање за прибирање на понуди. Во првиот случај се опфатени постапките - отворена, ограничена, со преговарање со и без објавување на оглас, конкурентен дијалог и доделување на договор за набавка на услуги од член 17 алинеја 2 над 20.000 евра. Додека во делот за евиденцијата на постапки се опфатени

постапката со барање за прибирање на понуди со и без објава на оглас и доделување на договор за набавка на услуги од член 17 алинеја 2 под 20.000 евра. Сите податоци за договорите се објавени на веб-страницата https://oglasi-izvestuvanja.finance.gov.mk и се целосно достапни на јавноста.

Во наредната табела бр. 8 и графиконот бр. 8 се претставени бројот и вредноста на склучените договори за јавни набавки за 2008 година според видот на постапката за доделување на договорот. Тука се дадени збирни податоци, а во понатамошниот текст, групирани се по видот на огласите или известувањата, со приказ според различни параметри. Според вредноста на склучените договори, најкористена е отворената постапка преку која се склучени **4897** договори во вредност од **20.884.861.789,41 ден - 77%** од вкупната вредност на јавните набавки во Македонија. По отворената постапка, користена во далеку помала мерка во однос на вредноста, е постапката со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас - склучени **12246** договори во вредност од **1.848.743.316,36 ден**. Тука е потребно да се напомене дека станува збор за договори/фактури до 5000 евра во денарска противвредност, за кои договорните органи ја користат постапката пропишана во член 100 од законот. Просечната вредност по договор за овој вид на постапка е **150.967,00 денари** или околу **2450 евра**. Приближно исто (**6%** од вкупната вредност на набавките) е користена и постапката со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас - склучени **2425** договори во вредност од **1.726.681.839,60 ден**. Останатите постапки се користени во далеку помала мера (сите заедно околу **10%** од вкупната вредност на набавките).

Графикон бр. 8




Табела бр. 8

| Вид на постапка за доделување на договор | Број на склучени договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|
| Постапка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас | 12246 | 1.848.743.316,36 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | 2425 | 1.726.681.839,60 ден. |
| Отворена постапка | 4897 | 20.884.861.789,41 ден. |
| Ограничена постапка | 22 | 311.695.844,80 ден. |
| Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас | 17 | 928.275.829,00 ден. |
| Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас | 1028 | 1.472.166.022,90 ден. |
| Доделување на договор за јавна набавка за категорија на услуги 17- 27 (вкупно) | 1418 | 380.774.913,60 ден. |
| **Вкупно** | **22053** | **27.553.199.555,67 ден.** |

## Податоци од известувањата за склучен договор за јавна набавка

Договорните органи согласно со член 55 од законот, се должни до Бирото да достават Известување за склучен договор во рок од 30 дена од денот на склучување на договорот. Во овие податоци влегуваат склучените договори по:

- спроведување на отворена постапка, ограничена постапка, конкурентен дијалог или постапка со преговарање со и без претходно објавување на оглас,
- набавка на услуги од член 17 став 1 алинеја 2 на овој закон, со проценета вредност, без ДДВ, е над 20.000 евра.

По горенаведените постапки за доделување на договор за јавна набавка, во 2008 година се доставени известувања за склучени **6013** договори во вкупна вредност од **23.848.822.987,67** ден. Бројот и вредноста на склучените договори по категорија на договорен орган и негова главна активност или дејност се дадени во табела бр. 9 и графикон бр. 9.

Графикон бр. 9



Табела бр. 9

| Категорија на договорен орган | Главна активност | Број на договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|---|
| А. Државни органи | Општи јавни услуги | 271 | 1.452.382.669,13 ден. |
| | Одбрана | 229 | 321.696.277,52 ден. |
| | Јавен ред и безбедност | 180 | 939.368.085,05 ден. |
| | Животна средина | 15 | 59.886.567,00 ден. |
| | Економија и финансии | 44 | 197.808.228,50 ден. |
| | Социјална заштита | 5 | 26.409.529,00 ден. |
| | Спорт и култура | 48 | 299.715.562,00 ден. |
| | Образование | 116 | 854.114.933,00 ден. |
| | **Вкупно А.** | **908** | **4.151.381.851,20 ден.** |
| Б. Органи на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје | Општи јавни услуги/ **Вкупно Б.** | **628** | **3.542.719.362,49 ден.** |
| В. Правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес – Член 4 став 1 алинеја б) од Законот | Општи јавни услуги | 685 | 2.826.665.996,18 ден. |
| | Јавен ред и безбедност | 14 | 27.972.456,00 ден. |
| | Животна средина | 16 | 63.212.803,50 ден. |
| | Здравство | 2174 | 4.031.175.783,35 ден. |
| | Домување, градежништво и транспорт | 27 | 479.754.381,07 ден. |
| | Социјална заштита | 140 | 348.525.232,59 ден. |
| | Спорт и култура | 29 | 53.892.733,83 ден. |
| | Образование | 516 | 945.047.509,03 ден. |
| | Друго | 54 | 909.417.879,01 ден. |
| | **Вкупно В.** | **3655** | **9.685.664.774,56 ден.** |
| Г. Правни лица основани од еден или повеќе договорни органи | Друго/ **Вкупно Г.** | **3** | **3.107.970,86 ден.** |
| Д. Јавни претпријатија, акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност од опфатени дејности | Општи јавни услуги | 259 | 1.320.776.396,39 ден. |
| | Друго | 555 | 4.106.331.133,17 ден. |
| | **Вкупно Д.** | **814** | **5.427.107.529,56 ден.** |
| Ѓ. Други договорни органи - правни лица кои вршат дејност врз основа на посебно или ексклузивно право (приватни правни л.) | Општи јавни услуги | 1 | 680.892.000,00 ден. |
| | Друго | 4 | 357.949.499,00 ден. |
| | **Вкупно Ѓ.** | **5** | **1.038.841.499,00 ден.** |
| **Вкупно** | **Вкупно А+Б+В+Г+Д+Ѓ** | **6013** | **23.848.822.987,67 ден.** |

Во табелата е даден деталeн приказ на реализираните јавни набавки според категоријата и главната дејност на договорните органи. Можеме да увидиме дека најголем процент (**41%**) отпаѓа на категоријата на правните лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес – Член 4 став 1 под б) од законот и тоа на

активностите - здравство и општи јавни услуги. Ова е резултат на тоа што, во оваа категорија спаѓаат сите здравствени установи, болници, училишта, детски установи за предучилишно образование, дел од комуналните претпријатија и други правни лица што вршат дејност од јавен интерес. Всушност, во оваа категорија спаѓаат најголемиот дел од договорните органи (види Одлука за утврдување на индикативниот список на договорни органи, Службен весник на РМ бр. 159/07).

Понатаму, втора категорија според реализираните јавни набавки се договорните органи кои спаѓаат во - јавни претпријатија, акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност од опфатени дејности на кои отпаѓа **23%** од вредноста на јавните набавки во РМ. Приближно сличен процент на вредност на склучени договори имаат државните органи (**17%**) и органите на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје (**15%**). При разгледување на податоците за склучени договори за јавни набавки, според категорија на договорен орган, Бирото располага и со подетални податоци во однос на видот на предметот на договорот за јавна набавка и користените постапки од страна на договорните органи во соодветната категорија. Па така, најчесто користена постапка во секоја категорија е отворената постапка. Сепак, интересен е податокот што во категоријата - правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес – Член 4 став 1 под б) од Законот, често користена постапка е постапката со преговарање без претходно објавување на оглас, преку која договорните органи од оваа категорија склучиле **683** договори во вредност од **909.728.017,17 ден**., што претставува дури **62%** од вкупната вредност на склучените договори по оваа постапка. Во поглед на видот на предметот на договорот за јавна набавка, во секоја од поединечните категории преовладуваат набавките на стоки, освен во категоријата - органи на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје, каде што најмногу договори (повеќе од половина) се склучени за набавка на работи.

Според предметот на договорот за јавна набавка во 2008 година се склучени **4221** договори за стоки (во вредност од **13.031.202.879,52** денари), **1064** договори за услуги (вредност - **4.874.673.071,24** денари) и **728** договори за работи (**5.942.947.036,91** денари). Во графиконот бр. 10 и табелите бр. 10, 11 и 12 се дадени подетални податоци за бројот и вредноста на договорите според видот на предметот на договорот.

Табела бр. 10

| **Вид на предметот на договорот за јавна набавка** | **Број на склучени договори** | **Вредност на склучените договори** |
|---|---|---|
| Стоки | 4221 | 13.031.202.879,52 ден. |
| Услуги | 1064 | 4.874.673.071,24 ден. |
| Работи | 728 | 5.942.947.036,91 ден. |
| **Вкупно** | **6013** | **23.848.822.987,67 ден.** |

Графикон бр. 10




Табела бр. 11

| Вид на договорот за јавна набавка - Стоки | Број на склучени договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|
| Купување | 1326 | 5,043,355,250.58 ден. |
| Купување со одложено плаќање | 2870 | 7,239,937,712.42 ден. |
| Изнајмување со опција за купување | 3 | 7,642,883.00 ден. |
| Изнајмување без опција за купување | 1 | 285,000.00 ден. |
| Комбинација на претходните | 21 | 739,982,033.52 ден. |
| **Вкупно** | **4221** | **13,031,202,879.52 ден.** |

Табела бр. 12

| Вид на договорот за јавна набавка - Услуги ; Бр. на категорија на услуга | Број на склучени договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|
| 1 - Одржување и поправка | 359 | 1.338.963.692,85 ден. |
| 2 - Копнен транспорт | 165 | 274.067.648,00 ден. |
| 3 - Воздушен транспорт | 14 | 54.944.000,00 ден. |
| 4 - Транспорт на поштенски пратки | 2 | 5.000.000,00 ден. |
| 5 - Телекомуникациски услуги | 13 | 41.887.679,00 ден. |
| 6 - Финансиски услуги | 51 | 66.668.905,13 ден. |
| 7 - Информатички услуги | 39 | 107.783.814,00 ден. |
| 8 - Услуги за истражување и развој | 3 | 2.070.120,00 ден. |
| 9 - Сметководствени и ревизорски | 11 | 7.062.403,00 ден. |
| 10 - Истражување на пазар | 1 | 9.359.222,00 ден. |
| 11 - Советодавни услуги за менаџмент | 9 | 41.797.912,00 ден. |
| 12 - Архитектонски и инженерски услуги | 172 | 1.690.607.363,00 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| 13 - Рекламни услуги | 27 | 100.094.926,50 ден. |
| 14 - Чистење на објекти | 6 | 12.838.675,23 ден. |
| 15 - Издавачки и печатарски услуги | 53 | 161.448.417,00 ден. |
| 16 - Санитарни услуги | 20 | 23.374.121,00 ден. |
| 17 - Хотелски и угостителски услуги | 11 | 50.713.540,00 ден. |
| 18 - Железнички транспорт | 8 | 107.619.470,00 ден. |
| 20 - Дополнителни транспортни услуги | 2 | 28.000.000,00 ден. |
| 21 - Правни услуги | 7 | 49.020.038,50 ден. |
| 22 - Услуги за привремено вработување | 17 | 171.952.787,00 ден. |
| 23 - Истражни и безбедносни услуги | 12 | 15.355.030,00 ден. |
| 24 - Образовни услуги | 14 | 34.002.493,00 ден. |
| 25 - Здравствени и социјални услуги | 2 | 6.650.000,00 ден. |
| 26 - Рекреативни и спортски услуги | 7 | 19.815.784,00 ден. |
| 27 - Други услуги | 39 | 453.575.030,03 ден. |
| **Вкупно** | **1064** | **4.874.673.071,24 ден.** |

Од претходните табели се гледа дека најголем дел (**55%**) од договорите за јавни набавки се договори за набавка на стоки, и тоа најчесто се договори за купување/купување на одложено плаќање. Во поглед на договорите за набавка на услуги (**20%** од вкупната вредност на јавните набавки), во нивната структура може да се забележи различна застапеност на категориите на услуги согласно со Уредбата за услугите кои се предмет на договорите за јавна набавка на услуги (Службен весник на РМ бр. 157/07). Сепак, најголем дел од вредноста на договорите отпаѓа на договорите за набавка на услуги за одржување и поправка (категорија бр.1) и архитектонски и инженерски услуги (категорија бр.12). Во поглед на набавката на работи (**25%** од вредноста на доделените договори) главно се работи за изведување, како што се гледа од табелата подолу.

Табела бр. 13

| **Вид на договорот за јавна набавка - Работи** | **Број на склучени договори** | **Вредност на склучените договори** |
|---|---|---|
| Изведување | 678 | 5.670.600.086,49 ден. |
| Проектирање и изведување | 24 | 140.240.427,42 ден. |
| Реализирање, со какви било средства, утврдени од договорниот орган | 26 | 132.106.523,00 ден. |
| **Вкупно** | **728** | **5.942.947.036,91 ден.** |

Ако се погледа динамиката на доделување на договори по месеци за 2008 година (графикон бр.11), може да се забележи тренд на константно зголемување на обемот на склучување на договори од почетокот па до крајот на годината, за најголеми вредности движењето да достигне во октомври и декември. Тоа се должи на фактот дека најголемиот дел од своите постапки ДО ги започнуваат во првата половина на годината и со оглед на временскиот рок за реализирање на постапката до склучување на договорот очекувано е најголемиот процент на склучени договори да биде во втората половина на 2008 година. Исто така, поради фактот на завршување на буџетската година и планирањето на буџетите за наредната година, како и самото изготвување на буџетот, во

периодот септември-декември, тенденција е договорните органи да ги интензивираат постапките и да го зголемат обемот на искористување на јавните средства.

Графикон бр. 11




Во поглед на останатите параметри по кои можат да се опишат подетално и да се специфицираат склучените договори за јавни набавки, Бирото располага со податоци за доделени рамковни спогодби, секторски договори, извршени групни набавки итн. Во 2008 година, од податоците доставени преку известувањата за склучени договори, како групна набавка склучени се 190 договори. Во истиот период склучени се 394 рамковни спогодби во вредност од 3.171.803.882,70 ден., што претставува 12% од вкупната вредност на договорите за јавни набавки над праговите од 20000 евра за стоки и услуги и 50000 евра за работи. За 2008 доставени се известувања за доделени 1228 секторски договори во вредност од 7.277.674.914,25 ден. Сепак, овој податок мора да се земе со резерва, имено, некои од договорните органи поради технички грешки, а мал дел и поради недоволно познавање на одредбите од законот, доделените договори ги означиле како секторски, па затоа реалната вредност на доделените секторски договори е помала од претходно прикажаната. За 200 од договорите за јавни набавки (во износ од 5.396.562.402,64 ден.) имало меѓународна објава на огласот. Разгледувано по земјата на потекло на носителот на набавката, податоци се дадени во табела бр. 14 и графикон бр. 12.

Табела бр. 14

| Земја на потекло на носителот на набавката | Број на склучени договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|
| Македонија | 5935 | 22.588.916.993 ден. |
| ЕУ | 46 | 941.539.079 ден. |
| ДРУГИ | 32 | 318.366.914 ден. |
| **Вкупно** | **6013** | **23.848.822.987 ден.** |

Графикон бр. 12




Од претходно наведеното може да се утврди дека на пазарот на јавните набавки во Македонија главен удел имаат домашните компании со **94.7%** од вредноста на доделените договори за јавни набавки.

На почетокот на ова поглавје беа презентрани бројот и вредноста на склучените договори по видот на постапката, и притоа постапката со преговарање со објавување на оглас и без објавување на оглас имааше удел од **3%** и **5%** соодветно. Во табела бр. 15 и графикон бр. 13 се претставени бројот и вредноста на склучените договори по овие постапки според причината за користење/законскиот основ на овие постапки.

Графикон бр. 13



Табела бр. 15

| Вид на постапка | Причина за користење на постапката со преговарање | Бр. на склучени договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|---|
| А. Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас | ако не е пристигната ниту една прифатлива понуда во отворена постапка, ограничена постапка или во конкурентен дијалог, а при што е поништена претходната постапка без битно да се променат почетните услови во тендерската документација | 8 | 21.798.964,00 ден. |
| | во исклучителни случаи кога природата на работите, стоките или услугите или ризиците кои произлегуваат од тоа не дозволуваат претходно одредување на вредноста на договорот | 7 | 303.869.499,00 ден. |
| | за услуги, ако природата на услугата е таква што техничките спецификации не можат да се утврдат доволно прецизно да овозможат склучување на договор со избирање на најповолна понуда согласно со правилата на отворената или ограничената постапка | 2 | 602.607.366,00 ден. |
| | **Вкупно А.** | **17** | **928.275.829,00 ден.** |
| Б. Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас | кога не е поднесена ниту една понуда во отворена постапка или не е поднесена ниту една пријава за учество во првата фаза на ограничена постапка под услов да не се сменети првичните услови на договорот | 134 | 135.493.373,57 ден. |
| | кога од технички или уметнички причини, односно од причини врзани за заштита на ексклузивните права (патенти и сл.), договорот може да го изврши само одреден економски оператор | 261 | 374.237.191,23 ден. |
| | кога од причини од крајна итност предизвикани од настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди и да му се припишат како пропуст, не може да се примени рокот за објавување на отворена постапка, ограничена постапка, постапка со барање за прибирање на понуди или постапка со преговарање со претходно објавување на оглас | 484 | 645.858.387,79 ден. |
| | произведени исклучиво за истражување, експериментирање, проучување или развој, но не за стоки во сериско производство со кое би се остварила добивка или поврат на трошоците на развојот или истражувањето | 1 | 60.000,00 ден. |
| | кога договорниот орган мора да набави дополнителни испораки од првобитниот носител на набавка заради делумна замена на вообичаените стоки или инсталации или проширување на постојните стоки или инсталации | 44 | 27.621.436,77 ден. |
| | кога предметниот договор следува по спроведување на конкурс за избор на идејно решение и се доделува на најдобро рангираниот учесник или на еден од најдобро рангираните учесници | 6 | 18.473.785,00 ден. |
| | таквите дополнителни работи или услуги не можат да бидат технички или економски одделени од основниот договор без поголеми проблеми за договорниот орган | 77 | 185.276.777,12 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | таквите работи или услуги, иако можат да се одделат од извршувањето на основниот договор, се неопходни за неговото завршување | 21 | 85.145.071,42 ден. |
| | **Вкупно Б.** | **1028** | **1.472.166.022,90 ден.** |

Од претходно наведените податоци може да се констатира дека најчесто користена (**44%** од вредноста на доделени договори во постапка со преговарање без претходно објавување на оглас) причина/законска оправданост за употребата на постапката со преговарање без објавување на оглас е согласно со член 99 став (1) точка 1) алинеја 3 од законот, кога од причини од крајна итност предизвикани од настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди и да му се припишат како пропуст, не може да се примени рокот за објавување на отворена постапка, ограничена постапка, постапка со барање за прибирање на понуди или постапка со преговарање со претходно објавување на оглас, со склучени **484** договори во вредност од **645.858.387,79 ден.** Наредна причина за користење на постапката со преговарање без објавување **(25%)** е кога поради - технички или уметнички причини, односно од причини врзани за заштита на ексклузивните права (патенти и сл.), договорот може да го изврши само одреден економски оператор. Тука е вредно и да се издвои фактот на малиот број на склучени договори – **17** со постапка со преговарање со претходно објавување на оглас, споредбено со вредноста на овие договори **928.275.829,00 ден.** Тука станува збор за неколку поединечни договори (презентирани понатаму во текстот) склучени на висока вредност од страна на договорни органи од членот 4 став (1) под д) - (ЕВН Македонија и АД Топлификација).

Податок што може да послужи за прикажување на ефикасноста на постапките за доделување на договор за јавна набавка е и просечното времетраење на постапките од објавувањето на огласот до склучувањето на договорот. Од прибраните податоци, може да се утврди дека просечното времетраење на постапката со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас е **51** ден, отворената постапка - **90** дена, ограничената - **110** дена, и на постапката со преговарање со претходно објавен оглас - **74** дена. Графикон бр. 14.

Графикон бр. 14



Од претходните податоци се гледа дека, кај сите постапки евидентно е пролонгирање на времето на донесување на одлука за избор на најповолен понудувач и склучување на договорот. Имено, фазата на евалуација кај постапките за доделување на договор трае премногу долго, исто или подолго од самиот рок на поднесување на понудите кај постапките.

Во натамошниот текст се презентирани податоци за вредноста на склучените договори поединечни по договорен орган (листа на 10 најголеми јавни потрошувачи за 2008 година), и по договор (листа на 10 најголеми договори за јавни набавки во 2008 година). Табели бр. 16 и 17.

Табела бр. 16

| **Листа на договорни органи - 10 најголеми потрошувачи во 2008 година** | |
|---|---|
| ***Назив на договорен орган*** | ***Вкупна вредност на договорите*** |
| АД Електрани на Македонија - Скопје | 3.553.997.973,50 ден. |
| Министерство за внатрешни работи на РМ | 971.372.826,98 ден. |
| Министерство за образование и наука | 842.538.753,00 ден. |
| М.Ж. Транспорт АД-Скопје | 702.476.461,00 ден. |
| Топлификација АД-Скопје | 680.892.000,00 ден. |
| Град Скопје | 671.416.512,00 ден. |
| Општина Гази Баба | 615.452.763,00 ден. |
| ЈЗУ Институт за радиотерапија и онкологија | 607.916.978,02 ден. |
| Дирекција за технолошки индустриски развојни зони | 591.969.593,85 ден. |
| Јавно претпријатие Македонска радиодифузија | 554.373.288,31 ден. |

Табела бр. 17

| **Листа на 10 најголеми склучени договори за јавни набавки во 2008 година** | | | |
|---|---|---|---|
| **Предмет на договорот** | **Договорен орган** | **Носител на набавка** | **Вредност на склучениот договор** |
| Ископ на јаловина и јаглен од свлечиште тона Микролокација - 3 во рудник Суводол - РЕК Битола | АД Електрани на Македонија - Скопје | Гранит АД Скопје | 792.000.000,00 ден. |
| Набавка на 23 000 тони масло за горење - мазут | Топлификација АД-Скопје | Окта АД-Скопје | 680.892.000,00 ден. |
| Санација на багер Срс 2000 во РЕК Битола по систем "Клуч на рака" | АД Електрани на Македонија - Скопје | ТАКРАФ ГЕРМАНИЈА | 547.527.366,00 ден. |
| Набавка на нафта и нафтени деривати | М.Ж. ТранспортАД-Скопје | Макпетрол АД | 360.158.420,00 ден. |
| Набавка на материјали и опрема за електрично и комуникациско поврзување за проектот ‘‘Компјутер за секој ученик- основни училишта‘‘ | Јавно претпријатие Македонска радиодифузија | Електроелемент ДОО | 320.955.278,00 ден. |
| Светли деривати(еуро дизел и еуро супер 95) за потребите на подружници на АД ЕЛЕМ | АД Електрани на Македонија - Скопје | Макпетрол АД Скопје | 307.875.000,00 ден. |
| НАБАВКА НА ЛЕКОВИ | ЈЗУ Институт за радиотерапија и онкологија | ПРОМЕДИКА | 243.091.863,00 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Набавка на трофазни електронски броила за директно прилкучување | ЕВН Македонија А.Д. Скопје | Искра АТГ | 225.822.859,00 ден. |
| Набавка и испорака на училишна опрема: 50.000 училишни клупи и 100.000 училишни столчиња за потребите на јавните основни и средни училишта во Република Македонија | Министерство за образование и наука | „Мериан-Ас„ | 223.868.420,00 ден. |
| Инсталација на материјали и опрема за електрично и комуникациско поврзување за проектот "Компјутер за секој ученик- основни училишта" | Јавно претпријатие Македонска радиодифузија | КАБТЕЛ дооел | 202.517.603,31 ден. |

## Податоци од евиденциите на постапки со барање за прибирање на понуди

Согласно со член 103 од законот, договорниот орган е должен да води евиденција на постапките со барање за прибирање на понуди. Оваа евиденција е должен да ја доставува 2 пати годишно, до крајот на 31 јули и до 31 јануари. Податоците ги опфаќаат склучените договори за постапки:

- со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас (до 5.000 евра),
- со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас,
- доделување на договор за јавна набавка на услуги од член 17 алинеја 2 со проценета вредност до 20.000 евра.

За да се зголеми ажурноста на доставувањето на овие податоци, Бирото за јавни набавки во неколку наврати преку дописи и известувања ги информираше договорните органи за нивната законска обврска за доставување на евиденција на постапки со барање за прибирање на понуди. За периодот 01.01 - 30.06.2008 година има доставено вкупно **550** евиденции, додека за периодот 01.07. - 31.12.2008 година има доставено **594** евиденции. Исто така, има доставено и околу **50** известувања дека одделни договорни органи немаат воопшто реализирано постапка за јавна набавка. Со оглед на претходно наведеното, во поглед на покриеноста на договорните органи кои доставиле евиденции за 2008 година, околу **63%** од договорните органи ја реализирале нивната законска обврска. Сепак, во однос на обемот и вредноста на договорите, покриеноста е далеку поголема, затоа што сите поголеми институции/потрошувачи имаат доставено евиденција за двата периода во 2008 година, додека договорни органи кои немаат доставено се најчесто училишта, градинки, центри за социјална работа, кои се мали буџетски корисници.

Во 2008 година, до Бирото за јавни набавки се доставени податоци за склучени **12246** договори и доставени фактури по постапка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас во износ од **1.848.743.316,36 ден**. Во табелата бр. 18 е даден преглед на истите по вид на предмет на договорот.

Табела бр. 18

| Вид на договор | Вкупен број на договори | Вредност на склучените договори |
|---|---|---|
| стоки | 7435 | 1.043.354.747,97 ден. |
| услуги | 3648 | 560.393.598,60 ден. |
| работи | 1163 | 244.994.969,79 ден. |
| **Вкупно** | **12246** | **1.848.743.316,36 ден.** |

Со постапка за барање за прибирање на понуди со објавување на оглас (до 20.000 евра за стоки и услуги и до 50.000 евра за работи) склучени се **2425** договори во вредност од **1.726.681.839,60 ден**.

Табела бр. 19

| Вид на договор | Вкупен број на договори | Вредност на склучениот договор |
|---|---|---|
| стоки | 1417 | 673.861.969,41 ден. |
| услуги | 446 | 249.958.670,88 ден. |
| работи | 562 | 802.861.199,31 ден. |
| **Вкупно** | **2425** | **1.726.681.839,60 ден.** |

За набавка на услуги од категоријата 17-27, во вредност до 20.000 евра, се склучени **1369** договори и доставени фактури во вредност од **128.951.412,10** ден. денари.

## *Податоци од известувањата за поништување на постапките*

Во 2008 година до Бирото се стигнати вкупно **722** обрасци за известувања за поништување на постапка или делови на постапка, и тоа **280** за барање за прибирање на понуди со објавување на оглас и **442** за доделување на договор. Тука треба да се напомене дека во овој податок влегуваат известувањата за поништување на постапка, како и известувањата за поништување на делови на постапката. Кога станува збор за поништување на целата постапка за јавна набавка, тогаш податоците се следни (Графокон бр. 15) - **260** поништувања на постапки за барање за прибирање на понуди и **373** поништувања на постапки за доделување на договор за јавна набавка.

Графикон бр.15



При разгледување на претходно наведените податоци, можеме да констатираме дека во 2008 година, се поништени **10.3%** од објавените постапки за доделување на договор (вкучително за двата вида на огласи).

Графикон бр.16




Графикон бр.17




Во графиконот бр. 18 се дадени бројот на поништените постапки и поништувања на делови (сумирани) на постапка по категорија на договорен орган.

Графикон бр.18




Во наредните две табели (бр. 20 и 21) се дадени причините поради кои се поништува постапката. Можеме да констатираме дека во 2008 година постапките најчесто се поништувани поради следниве причини:

- не е поднесена ниту една прифатлива понуда,
- поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган,
- понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот.

Табела бр. 20

| Информации за причината на поништувањето на постапката или поништување на делови од постапката со барање за прибирање на понуди | Број на пон. на постапки | Број на пон. на делови |
|---|---|---|
| бројот на кандидати е понизок од минималниот број предвиден за постапките за доделување на договор за јавна набавка согласно со овој закон | 1 | / |
| не е поднесена ниту една прифатлива понуда | 104 | 11 |
| не е поднесена ниту една понуда | 13 | 3 |
| се поднесени прифатливи понуди кои не можат да се споредат поради различниот пристап во техничките или финансиските понуди | 14 | 1 |
| настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган | 19 | 1 |
| понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот | 35 | 2 |
| оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци | 14 | / |
| поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган | 47 | 1 |
| договорниот орган не може да изврши избор на најповолна понуда поради битни повреди на Законот за јавните набавки согласно со член 210 од Законот | 12 | 1 |
| постапката ја поништува Државната комисија за жалби | 1 | / |
| **Вкупно** | **260** | **20** |

Табела бр. 21

| Информации за причината на поништување на постапката или поништување на делови од постапката за доделување на договор за јавна набавка | Број на пон. на постапки | Број на пон. на делови |
|---|---|---|
| бројот на кандидати е понизок од минималниот број предвиден за постапките за доделување на договор за јавна набавка согласно со овој закон | 23 | 1 |
| не е поднесена ниту една понуда | 8 | 11 |
| не е поднесена ниту една прифатлива понуда | 121 | 34 |
| се поднесени прифатливи понуди кои не можат да се споредат поради различниот пристап во техничките или финансиските понуди | 19 | 3 |
| настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган | 32 | / |
| понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот | 37 | 9 |
| оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци | 11 | |
| поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган | 98 | 10 |
| договорниот орган не може да изврши избор на најповолна понуда поради битни повреди на Законот за јавните набавки согласно со член 210 од Законот | 17 | 1 |
| постапката ја поништува Државната комисија за жалби | 7 | / |
| **Вкупно** | **373** | **69** |

## *Податоци од обрасците за изменување и дополнување на огласот*

Во 2008 година имало вкупно **525** доставени обрасци за измени на огласот до Бирото за јавни набавки. **70** биле измени на огласот за барање за прибирање на понуди и **451** - за огласот за доделување на договор за јавна набавка и **4** за огласот за конурс за избор на идејно решение. Од овие податоци може да се забележи дека кај **8%** од огласите после објавувањето имало измени или дополнување на содржината на огласот и тендерската документација.

## *Констатирани слабости од досегашното користење на веб информацискиот систем*

- Користење на латинична кодна поддршка при пополнување на обрасците, особено на огласите;
- Користење на точки и запирки при пополнување на вредностите;
- Пополнување на известувања за склучен договор, каде во полето за број на добиени понуди се внесува бројот 0;
- Пополнување на известувања за склучени договори, каде износот на договорот е повисок од највисоката понуда;
- Непотврдување на содржината на пополнетите обрасци кои во системот остануваат како неактивни;
- Непридржување кон законски пропишаните рокови за поднесување на известувањата и евиденциите;
- Упатување на конкретно производство, изведба, определен процес, трговски марки итн (опрема, автомобили, информатичка опрема итн);
- Чести измени на огласите во однос на роковите за доставување на понудите, делива/неделива, измени во тендерска документација, промени во буџетите на договорните органи и слично;

- Делење на предметот на набавката со цел избегнување на подолги рокови или меѓународна објава;
- Високи износи за наплата на тендерската документација;
- Често користење на постапката со преговарање без претходно објавување на оглас;
- Користење на критериуми за доделување на договорот кои треба да се користат како критериуми за утврдување на способност (референци, технички капацитет, стручен и технички персонал итн).
- Пополнување на евиденцијата за постапките со барање за прибирање на понуди по истекот на рокот (наместо перманентно пополнување);
- Внесување на услуги од категорија број 17 до 26 во Дел 1 од евиденцијата на постапките со барање за прибирање на понуди, наместо во Дел 3 (привремени вработувања, угостителски услуги, образовни и стручни усовршувања, правни и адвокатски услуги итн.);

Како генерална забелешка која постојано се јавува е користењето на латинична кодна поддршка што, всушност, е проблем при објавувањето на огласот на веб страницата на Бирото и во Службен весник на РМ. За да се избегне пополнувањето на огласите и известувањата во латиница се препорачува постојана проверка при внес на податоците на поддршката во која се пишува.

Иако, од практична гледна точка, разделувањето на илјадарките и стотките во вредностите кои се внесуваат е попрегледно, системот не го дозволува тоа и напишаните броеви по точката не ги прикажува поради што се јавуваат нелогични износи на склучени договори. При пополнувањата на вредностите во обрасците (најниска/највисока понуда, проценета вредност, вредност на склучен договор итн, истите треба да се внесуваат без точки и запирки.

Во известувањата за склучен договор во делот за бројот на понуди кои се добиени за конкретната набавка, често пати се внесува 0 (нула) што, всушност, треба да биде најмалку 1 (една) понуда за да се додели договорот. Исто така, во известувањата се доставуваат податоци за склучени договори на повисока вредност од највисоката понуда, што, всушност, претставува пропуст на договорните органи во проценка на вредноста на набавката (потребна промена во одлуката) или внес на погрешен податок кој се однесува на износот на вредност на највисока доставена понуда.

Често пати се случува договорните органи да го пополнат образецот и за истиот да не достават потврда на неговата содржина (доколку истиот не е потпишан со користење на дигитален сертификат). Во овој случај пополнетите обрасци остануваат неактивни, односно не се гледаат на јавната страна на веб-информацискиот систем и аналогно на тоа не може да се земат предвид роковите кои се дефинирани во однос на крајниот рок на доставување на понудите, односно датум и час на јавното отворање.

При пресметката на роковите не се земаат предвид дополнителните 2-3 дена кои се неопходни за проверка на огласот и често пати се случува огласите да се доставуваат со утврдување на максималниот рок дури и со ден или два пократки од пропишаниот со законот, и истите е потребно да се ревидираат од страна на договорниот орган и повторно да се испратат до Бирото.

Друга слабост што е констатирана во огласите за доделување на договор за јавна набавка, а соодветно на тоа и во огласите за барање за прибирање на понудите, е дека

при утвредување на предметот на набавката се упатува на конкретно производство, изведба, определен процес, трговски марка, и итн (опрема, автомобили, итн), што е спротивно на член 36 од законот.

Во текот на овој период, исто така, се констатирани многу чести измени на огласите во однос на роковите за доставување на понудите, делива/неделива набавка, измени во тендерска документација, итн. Ова се должи на фактот што при изготвување на огласите не се посветува доволно внимание и истите се изготвуваат набрзина. Некогаш, по наведување на предметот на набавката од кој очигледно се гледа дека станува збор за набавка на стока, во следното поле каде што треба да се наведе вид на договор се внесува услуга. Се претпоставува дека ова се технички грешки кои настанануваат од невнимание.

Исто така е констатирано делење на ист предмет на набавка што е спротивно на член 27 од законот и на Правилникот за проценување на вредноста на договорите за јавни набавки ( „Службен весник на РМ“ бр. 157/2007 година ).

Забележани се високи износи за наплата на тендерската документација што е спротивно на член 37 од законот согласно со кој надоместокот за добивање на тендерската документација ги опфаќа само трошоците за умножување и/или доставата на тендерската документација. Ова е со цел да се зголеми учеството на понудувачите во постапките за доделување на договори со тоа што ќе се намалат нивните трошоци, а за сметка на тоа да се добијат поголем број на квалитетни понуди.

Од добиените податоци може да се констатира често користење на постапката со преговарање без претходно објавување на оглас. Бирото препорачува рестриктивност кај оваа постапка и нејзино користење само во случаите каде е тоа неопходно. Ова особено доколку се има предвид фактот што новиот закон дозволува успешно завршување на редовните постапки и во случаите каде е добиена и една прифатлива понуда.

Законот има децентрализиран пристап во однос на јавните набавки. Често пати е констатирано дека се спроведува постапката од страна на договорен орган во име и за сметка на други договорни органи без при тоа договорниот орган да има потреба од конкретниот предмет на набавка. Најчест пример за тоа се општините кои набавуваат за училиштата. Општината може да спроведе групна набавка дефинирана во член 24, која се врши координирано преку еден договорен орган во име на група на договорни органи кои имаат потреба од ист предмет на набавка, по претходно склучен договор, а додека централно тело согласно со член 23 е тело кое го определува Владата, кое набавува во свое име и за своја сметка стоки или услуги кои се или можат да бидат наменети за еден или за повеќе договорни органи.

Иако е тесна линијата помеѓу критериумите за утврдување на способност кои се однесуваат на евалуација, односно оценка на способноста на економските оператори (референци, технички капацитет, стручен и технички персонал итн) и критериумите за доделување на договорот со кои се евалуира понудата (цена, квалитет, функционалните и оперативни карактеристики, рок на испорака итн.), често пати е констатирано дека критериуми за утврдување на способност се користат како критериуми за доделување на договорот.

Како генерална забелешка во врска со пополнувањето на евиденцијата за постапките за барање за прибирање на понуди е дека истите се пополнуваат во последен момент наместо перманентно внесување на податоци за секоја набавка која ја опфаќа оваа евиденција. Тоа, при истекот на крајниот рок, доведува до оптоварување на системот и појава на технички проблеми.

Многу често во Дел 1 од евиденцијата на постапките со прибирање на понуди се забележани слабости, односно внесување на податоци за набавка на услуги од уредбата категорија број 17 до 26 наместо во Дел 3 (привремени вработувања, угостителски услуги, образовни и стручни усовршувања, правни и адвокатски услуги итн.).

# 8. Соработка со државни органи

Во вршењето на своите надлежности, Бирото соработува со Комисијата за жалби по јавни набавки при Владата на Република Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државниот завод за ревизија и Комисијата за поттикнување на конкуренцијата. Она што претставува заедничка компонента кај сите органи со кои е воспоставена соработка е тоа дека во голем дел тие се „чувари" на политиката и практиките на јавни набавки во Република Македонија и со одговорност да обезбедат законитост, рационалност, ефикасност, транспарентност и поттикнување на конкуренцијата. Преку ова се делува на зголемување на комуникацијата меѓу органите кои се директно вклучени или имаат допирни точки со системот за јавни набавки.

Повратните информации од страна на органите како Државната комисијата за спречување на корупцијата, Државниот завод за ревизија и Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола се од особена важност во изминатиот период при следењето на функционирањето на системот на јавните набавки согласно новиот закон, бидејќи преку овие информации се детектираа слабостите во новата законска регулатива.

Во текот на 2008 година до Комисијата за жалби по јавни набавки при Владата на Република Македонија, а по нејзиното формирање и Државната комисија за жалби по јавни набавки, како и до Државниот завод за ревизија се доставуваа мислењата кои Бирото ги изработи околу примената на законската и подзаконска регулатива по барање на договорните органи. Во иднина, Бирото ќе ја интензивира соработката со новоформираната Државна комисија за жалби по јавни набавки. Оваа соработка е неизбежна во градење на механизми за правилното и еднообразно функционирање на системот за јавните набавки во Република Македонија, како и негово доизградување во смисла на имплементација на Директивите на ЕУ за јавни набавки и добрата меѓународна пракса.

# 9. Меѓународна соработка

Активностите кои Бирото ги имаше на меѓународен план во текот на 2008 година се:

## *СИГМА*

Соработката со експертите на СИГМА (која претставува заедничка иницијатива на Европската унија и ОЕЦД, главно финансирана од страна на Европската унија) во текот на 2008 година продолжи преку консултациите и дадените мислења и предлози од страна на СИГМА при подготовката на моделите на стандардна тендерска документација. Во соработка со СИГМА беше изготвен Прирачник за евалуација на понудите - регулатива и искуства во ЕУ и Република Македонија. Бирото во 2008 година заедно со СИГМА работеше и на текстот на Прирачникот за доделување на неприоритетни („Б“) услуги и Прирачникот за рамковни спогодби - регулатива и искуства во ЕУ. Беа организирани и два заеднички семинара, едниот наменет за договорните органи од областа на одбраната за постапките и начинот на спроведување на јавните набавки во ЕУ, а другиот за ревизорите од Државниот завод за ревизија, внатрешните ревизори и вработените во Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола, за ревизијата на јавните набавки во ЕУ.

Во 2008 година Бирото присуствуваше и на Вториот Програмски семинар на СИГМА и Европската комисија кој се одржа во Париз, на кои се споделија искуствата од соработката на СИГМА со земјите на Западен Балкан. Учесници на овој семинар беа претставници од сите земји од регионот, СИГМА и од повеќе Директорати на Европската комисија.

## *Проектот ЕЛЕКТРАВЕБ*

Во 2008 година Бирото за јавни набавки, согласно со Договорот за проектот ELLECTRAWeB, имаше значителни активности во проектот. Претставници од Бирото учествуваа на неколку пленарни состаноци и технички работилници во рамките на проектот. Бирото имаше голем удел во изготвувањето на платформата за е-набавки, што е и целта на проектот, и заедно со Економскиот факултет -Скопје изготвија локално решение на системот за е-набавки. Исто така, во Скопје беше одржан и on-site review од страна на претставници на Европската комисија за напредокот на проектот и решението презентирано од страна на Бирото беше позитивно оценето. Кон крајот на 2008 година проектот е во финална фаза и доби позитивно мислење од страна на Европската комисија.

## *Проекти на УСАИД*

На полето на меѓународната соработка во 2008 година за истакнување е и соработката на Бирото со УСАИД, особено во делот кој се однесува на давање кадровска и административна помош на Бирото при организирањето на обуките и семинарите за јавни набавки. Бирото има активна соработка со три проекти на УСАИД: Проектот за деловно окружување, Проектот за електронска влада и Програмата за човеков и институционален развој.

Проектот за деловно окружување беше вклучен во подготовката и издавањето на повеќе брошури, како и обуки за јавните набавки. Проектот за електронска влада повеќе години учествува во изработката и развивањето на Електронскиот систем за јавни

набавки, а во 2008 година беа организирани и повеќе обуки за електронските јавни набавки. Програмата за човеков и институционален развој се фокусираше на внатрешната структура и организација на Бирото и на начините за нивно подобрување.

## ГТЗ

Во 2008 година, ГТЗ обезбеди изучување на странски јазик за вработените на Бирото. Покрај тоа, во соработка со ГТЗ се издадени два прирачника, едниот за улогата на Европскиот суд на правдата, а другиот за начините на спречување на корупцијата во јавните набавки. ГТЗ, исто така, започна постапка за набавка на стручна литература од областа на јавните набавки од реномирани европски автори за потребите на Бирото.

## Советодавен комитет за јавни набавки на ЕК

Советодавниот комитет за јавни набавки претставува советодавно тело на Европската комисија кој има за цел да ги отвори за дискусија различните проблеми со кои се соочуваат земјите членки во системот за јавни набавки кој се воспостави со Директивите на ЕУ за јавни набавки и на кој се разговара за идните измени и нови решенија кои треба да ги воведе Унијата во своето законодавство. На него Република Македонија започна да учествува како набљудувач по добивањето на кандидатскиот статус. Вообичаено, претставници на Република Македонија се вработени од Бирото. Состаноци на Советодавниот комитет за јавни набавки за 2008 година се одржаа во април, октомври и декември 2008 година во Европската комисија, а акцент на разговорите беше ставен на мерките за зголемување на учеството на малите и средни претпријатија во постапките за доделување на договори за јавни набавки и т.н. еколошки јавни набавки, степенот на имплементација на новата Директива за правни лекови 2007/66/ЕЗ.

## Поткомитет за внатрешен пазар

Јавните набавки претставуваат посебно поглавје во Акцискиот план за пристапување кон ЕУ. На 13-14 февруари 2008 година во Скопје се одржа Поткомитет за внатрешен пазар и конкуренција на кој една од точките на дневен ред беа и јавните набавки. На состанокот се презентираа достигнувањата по однос на имплементација на ССА и приоритетите на РМ во процесот на пристапување кон ЕУ. На поткомитетот беше потенцирано дека постои прогрес во областа на јавните набавки, како во однос на усогласувањето, така и во однос на спроведувањето на Законот за јавните набавки. Исто така, беше поздравена и соработката со сите инволвирани субјекти за јавни набавки во Република Македонија, соработката со експертите од Европската комисија, како и организацијата на бројните семинари и обуки за имплементација на законот.

## Регионална соработка

Во периодот од 16-17 септември 2008 година во Приштина се одржа Регионалната конференција за јавни набавки во организација на Агенцијата за јавни набавки на Косово и СИГМА, на која учествуваа и претставници од Бирото за јавни набавки. На оваа конференција учествуваа и претставници од сите земји во регионот, претставници од СИГМА и од Директоратот за внатрешен пазар на ЕК. Со своја презентација за правната рамка и Електронскиот систем за јавни набавки во Република Македонија се претстави и Бирото за јавни набавки. Од 12-13 ноември 2008 година претставници од Бирото учествуваа и на Конференцијата за спречување на корупцијата во јавните набавки која се одржа во Цавтат во организација на Регионалната Антикорупциска иницијатива на Пактот за стабилност. Покрај претставниците од сите земји во регионот, како и учеството

на меѓународни експерти на полето на јавните набавки, активно учество во работата на горенаведената конференција земаа и претставниците од Бирото за јавни набавки кои ја презентираа состојбата во системот на јавни набавки во Република Македонија.

Од 26-27 ноември за претставници од Бирото беше организирана и посета и размена на искуства во Управата за системот на јавните набавки и Службен весник на Република Хрватска. Целта на посетата беше размена на искуства и запознавање со состојбите во областа на јавните набавки во Р. Хрватска.

# 10. Препораки за подобрување на системот за јавните набавки во Република Македонија

Врз основа на досегашните искуства од примената на Законот за јавните набавки, Бирото ги извлече следниве препораки за подобрување на системот на јавните набавки во Република Македонија:

- Почитување на законските рокови и доследно доставување на евиденции на постапките со барање за прибирање на понуди и известувања за склучен договор до Бирото за јавни набавки;
- Правилно проценување на вредноста на договорите за јавни набавки, односно доследна примена на Правилникот за деталните правила за проценување на вредноста на набавката;
- Поголема професионализација на лицата кои ги вршат работите поврзани со јавните набавки и развивање на системски пристап во едукацијата за јавните набавки;
- Придржување кон законската обврска за определување на лица или организациски облик во рамки на договорните органи, кои ќе бидат задолжени за вршење на работите поврзани со подготовката и спроведувањето на постапките и реализација на договорите за јавни набавки;
- Правилно изработка на тендерската документација согласно со правилата за изработка на тендерската документација и Правилникот за содржината на тендерската документација;
- Почесто користење на Електронскиот систем за јавни набавки;
- Користење на критериумот најниска цена за доделување на договор за јавна набавка а следствено на тоа и спроведување на е-аукција како последна фаза од постапка со барање за прибирање на понуди, отворена постапка и ограничена постапка само во случаите кога постои сеопфатна и детална техничка спецификација во која се утврдени сите квалитативни параметри;
- Јасно дефинирање на критериумите за доделување на договорот во тендерската документација и елаборирање на начинот на нивно вреднување;
- Обезбедување на соодветен временски период потребен за изготвување на техничка спецификација и тендерска документација, за да се избегнат пропусти и грешки, а следствено на тоа и намалување на бројот на поништувања на постапките поради направени пропусти во тендерската документација, односно пристигнати прифатливи понуди кои не можат да се споредат поради различниот пристап во техничките или финансиските понуди како и поради дискриминаторски елементи содржани во тендерската документација која довела или можела да доведе до ограничување на пазарната конкуренција;
- Достапност на тендерска документација паралелно со објавувањето на огласот;

- Намалување на временскиот период за евалуација на понудите и избор на најповолна понуда;
- Обезбедување на детално образложение за извршената евалуација во известувањата за избор на најповолна понуда што се доставуваат до учесниците во постапката за причините за извршениот избор или поништување на постапката;
- Почесто користење на претходни индикативни известувања.

**Скопје,** **Д И Р Е К Т О Р,**

**4 мај, 2009 година** **м-р Маре Богева Мицовска**